**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седмото продолжение на Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 апри 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Бесим Догани, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Дами и господа пратеници, бидејќи во тек се седниците на три комисии: Комисијата за транспорт, врски и екологија, Комисијата за европски прашања и Комисијата за образование, наука и спорт, објавувам пауза до 11,50 часот.

(По паузата седницата продолжи во 11,50 часот)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

На денешната седница отсутни се пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвие Салију, Ајше Селмани, Тахир Хани, Слободан Најдовски, Јован Манасијевски, Марјан Додовски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Љубчо Георгиевски, Иван Столковиќ, Есад Рахиќ, Веле Митаноски, Никола Рилкоски, Павле Трајанов и Љубиша Георгиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата .

**Продолжуваме по осмата точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон**

Продолжуваме со претрес по амандманот за бришење на член 1 поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Има збор пратеникот Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер. Јас се јавувам во врска со овој амандман да дадам поддршка на колешката Славица Грковска. Би сакал да го кажам својот став, пошироко да го елаборирам од причини што во општиот претрес од оправдани причини не можев да кажам некои мои ставови. Еве сега по овој амандман би сакал да кажам нешто повеќе околу овој амандман, односно за воведување на веронаука во училиштата. Пред да го искажам тоа што сакам, би сакал да изразам едно незадоволство од страна на Владата што после Предлог законот кој е од 3,4 члена имаме плус 19 амандмани кои што ни беа доставени пред самиот крај на општата расправа. Пратениците како од опозицијата, така и од позицијата бевме затекнати да не можеме да интервенираме амандмански. Не знам дали тоа е веќе како навика стана во ова Собрание по сите предлог закони кои што ги имаме, без разлика дали се однесуваат за образование, за екологија, транспорт и врски итн., секогаш кога расправаме по општиот претрес добиваме амандмани по кои после ни треба време да ги разгледаме и нормално немаме време да интервенираме амандмански. Мислам дека тука не сме обесправени само ние пратениците од опозицијата. Исто така треба да се запрашаат и пратениците од позицијата, затоа што и тие, некои од пратениците сакаат да интервенираат амандмански, или сакаат своето мислење да го искажат преку амандмани без разлика што Владата ја поддржуваат и ги гласаат законите од Владата. Значи, јас тука се запрашувам, после ќе се вратам на темата, се запрашувам, или едно прашање до министерот, дали Владата, нормално министерот може да ми одговори кога се работи за образование, овие предлог закони кои ги дава до нас тука пратениците, чисто ме интересира на пример зошто во овој предлог закон за дополнување на Законот за основното образование е само со три, четири члена , или како најглавен член е членот за воведување на веронаука во осмолетките. На пример, зошто не се вградени во текстот и овие 19 амандмани? Мислам дека имало и време,. Дали тоа е некоја избрзана одлука, дали Владата ад хок ги работи работите или тоа е замка за нас пратениците едноставно да бидеме како продолжена рака на Владата и да и ги поддржуваме одлуките, односно да не можеме да влијаеме на нивните амандмани. Во вчерашната дебата и други колеги околу тоа зборуваа, имаше незадоволство. Јас на почетокот да го искажам тоа незадоволство. Би сугерирал барем во иднина да не се повторуваат овие работи, бидејќи во овие 6, 7 месеци нон-стоп имаме во 5 до 12 или една минута до 12 доставување на амандмани при крајот на општиот претрес, што не е добро и не е демократски за ова Собрание. Особено тука би сакал да кажам пример за членот 1 во предлог законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование каде што се вели вака: “Во основното училиште се организира и верско образование како изборен предмет. Во основното училиште се забранува политичко организирање и дејствување и истакнување на партиски обележја”. Конкретно за другите амандмани не би зборувал, но овде во овој член, ова го добивме некаде пред месец ипол, два месеци беше во собраниска расправа на дневен ред ставено пред една недела, па дури после и на самата седница беше префрлена точката некаде од позади понапред за побрзо да се донесе, да се разгледува. А сега со амандманска интервенција од страна на Владата имаме дека се забрануваат и верските обележја во училиштата, покрај партиските и верските. Не знам дали тоа можел некој пред тоа да го смисли, да го даде уште во првата фаза на предлог законот да се интервенира амандмански. Затоа мислам дека се работат некои работи ад хок, или тоа е замка за нас пратениците да не можеме да интервенираме амандмански.

Една од причините кои што се дадени дека за воведување на веронауката има потреба во оснмолетките, кај децата, учениците е зголемената религиозност, или интересот за религија од страна на граѓаните. Јас не знам дали овие податоци се добиени од некоја сондажа, дали се консултирани стручњаци од оваа област кои што ја разбираат, дали тоа е самото уверување дека нашите верски храмови без разлика од која вероисповед се, се повеќе посетени итн, што не значи дека ако верските храмови ни се посетени, дека и заинтересираноста , или имаме зголемена религиозност кај граѓаните, односно интерес за религија. Според мене, тоа не е факт да установиме дека имаме зголемен интерес за религијата.

Инаку, почитувани колеги пратеници религијата е историски и социјален феномен. Не постои, ниту пак некогаш постоела една единствена универзална религија која би ги опфаќала сите луѓе. Од едни теоретичари религијата е третирана како изум на посебна група на луѓе, првенствено наменет за воспоставување и одржување на социјалната ингеренција и социјална дисциплина. Други пак во феноменот религија гледаат недостаток на познавањето на вистинската природа на работите и суштината на ученичкиот живот. Трети теоретичари ја објаснуваат религијата како трајни егзистенционални обележја на човечкото суштество, егзистенционална несигурност, страв од смрт, неизвесност на настаните во кое е вмешан човечкиот живот и слично.

Инаку, само еден претставник, мислам дека беше државниот секретар во Министерството за образование и наука има дадено изјава дека нема уметност без вера и се што е создадено, создадено е од верата. Јас не знам дали државниот секретар во Министерството за образование и наука размислил дека имаме ние и атеисти уметници, односно луѓето од групата на уметници атеисти ги прави безвредни. Тоа не е добро, тоа е група на луѓе кои што сакаат да бидат на страна кои што не сакаат да припаѓаат на ниту една вера.

Другиот аргумент беше дека со воведувањето на верунауката ќе има етичност во училиштата. Дали тоа значи дека не се знае како поинаку да се направи обидот во воспоставување како сегмент од просветно образовниот процес да добие примат. Нема никаква анализа, или проценка, истражување и слично што владините експерти го направиле за да сметаат дека меѓу тие што ќе учат веронаука ќе има помалку крадци, убијци, неверници итн. Има исто и од други научници кои што имаат кажано дека човекот јаствара религијата, религијата не го ствара човекот. Значи, тука не можеме овие луѓе, група на луѓе кои што имаат сосема друго мислење да ги осудиме и нивните деца утре задолжително да учат веронаука, затоа што како што реков во моето претходно излагање, тие луѓе не сакаат да припаѓаат на ниту една вера, сакаат да бидат слободни. А за оние кои што сакаат да ја учат религијата итн, имаме верски објекти како од православна, така и од муслиманска вероисповед, имаме разни здруженија. И затоа според мене, местото на овие кои што сакаат да учат веронаука е таму во овие училишта кои што фактички се и еднакви пред законот и правата. Значи, тие се заштитени со Устав и никој ништо не им може. Затоа моето мислење е дека треба тоа да се бара надвор од учИлиштата, односно да биде надвор од училиштата, во овие верски училишта. Со Уставот на Република Македонија е гарантирана слобода на вероисповеста.

Дали со дадената слобода на вероисповест човекот ќе се најде себе си, дали ќе стане свесен за себе, или повторно ќе се изгуби, тоа е прашање за дискусија. Но, бидејќи човекот не е апстрактно суштество кое се наоѓа надвор од светот, тој таа слобода не смее да ја злоупотреби, ниту на штета на своето семејство, ниту на штета на своите најблиски роднини, но и на сите останати луѓе кои секојдневно го опкружуваат. Лицемерство за посета на некој црковен храм брзо излегува на виделина. Човекот или ќе верува, или нема да верува. Или ќе се самоопредели, или пак целосно ќе биде рамнодушен одбивајќи ги сите вери.Ако по масовната посета на луѓето на некоја црква и храм заклучиме дека е зголемена религиозноста, тоа и на почетокот го реков мислам дека се лажеме. Според мене, како граѓанин на Република Македонија мислам дека тоа е наметнато решение и мислам дека не е решение, дека ние децата со веронаука во школото ќе ги упатиме на правиот пат да не крадат, да не лажат, да бидат примерни граѓани на Република Македонија, мислам дека се лажеме дека ќе добијат такво образование. Според мене, од секојдневниот живот мислам дека најдобро образование и најдобро децата ги усмеруваат самите родители. Тоа го имаме како примери во многу места во Македонија. Јас ќе дадам еден општ пример во Струмица и Струмичкиот регион, бидејќИ од таму доаѓам, имаме населени места каде што нема веронаука во училиштата до ден денеска, но сепак децата, младите од четврто одделение, па до 70, 80 години сите одат во цркви, што не е забрането со Уставот. Како што реков, кој сака веронаука, кој сака да изучува религија, има верски училишта каде што тоа може да го направи. Според мене најдобар правец за усмерување на децата во прав правец се родителите. И многу луѓе кои што не посетуваат црковни храмови, кои што не одат во цркви, во џамии итн, ги усмеруваат своите деца во прав правец. Родителот е тој кој што ќе му овозможи на своето дете да го усмери на правиот пат. И затоа го поддржувам овој амандман на колешката Славица Грковска и се надевам дека еден дел од парламентарното мнозинство исто ќе го поддржи овој амандман на колешката Славица Грковска, затоа што ние сме тие кои што можеме да ги усмериме нашите деца, а не од еден, или два

часа, колку ќе бидат јас сега не знам, што ќе се воведе веронаука во училиштата.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Владата ни понуди амандман на законот со кој цитирам: Во основното училиште се организира и верско образобание како изборен предмет или со други зборови, го воведува верското образование како задолжително во основното училиште, а со законот дозволува учениците да изберат помеѓу два предмети што ќе ги слушаат врзани со веронауката. И тоа едниот за запознавање со религиите и вториот веронаука кој согласно нашиот Устав треба да се организира за минимум 6 веронауки кои се спомнати во Уставот. Претпоставувам дека оние кои не се спомнати во Уставот се најмалку уште толку. Што значи дека Владата како задолжително образование внесува преку веронауката за различни категории на деца, обврска за запознавање се веронауката и религиите. И тоа го прави во петто одделение. Само да потсетам дека децата во петто одделение се отприлика 10 години старост. Мене ми е драго што вчера министерот анализирајќи ги внимателно зборовите што тој попладнето ги изрече, а стојат во стенографските белешки, јасно произлегува фактот дека тој ја презема на себе одговорноста дека ако ова е против уставно ќе ја сноси сопствената одговорност. Не се изјасни како ќе ја сноси сопствената одговорност, меѓутоа, јасно е од стенографските белешки, од неговото изјаснување барем во Парламентот, дека ризикува со донесувањето на овој закон, ако е против уставен, дека тој ќе си поднесе оставка. Јас го поздравувам тој чекор. Така еден сериозен политичар се однесува кон сериозните проблеми. Кога ги става на дневен ред бара поддршка, меѓутоа, ако се тие спротивни на системот дека тој си поднесува оставка. Само да потсетам господине министер дека вие при потпишувањето, при давањето на задолжителната уставна изјава во ова Собрание пред сите нас и пред јавноста се заколнавте, или се обврзавте, не знам како е изјавата, сосема е небитно, дека ќе ги почитувате законите и Уставот. Јас сум длабоко убеден дека вие во овој случај не го почитувате Уставот за што дадовте свечена изјава, затоа што го менувате Уставот таму каде што не може да се смени, освен да се смени со закон. Значи го менувате Уставот со закон. Вие во свечената изјава се обврзавте дека тоа ќе го почитувате како устав. Меѓутоа, добро е што исто така и се обврзавте дека ќе сносите одговорност доколку направите чекор спротивен на Уставот. Јас се надевам дека ова бришење на членот, поднесено со овој амандман ви го нуди излезот да не донесете противуставен закон. А нема да донесете против уставен закон, ако останете на членот 19 и го прифатите овој амандман. Зборувам на членот 19 од Уставот кој потсетувам дека ги двои верите, односно Македонската православна црква и другите верски заедници и групи од државата, а вие не ги претставувате нив, туку ја претставувте државата како министер за образование согласно Уставот и законите. Значи, се мешате во работа што не ви е со Уставот дозволена. И напротив, ви е забранета. И подоцна во истиот член уште Уставот наведува дека верските заедници во Македонија сите, да не ги наборјувам, се слободни да основаат верски училишта.

Меѓутоа, не пишува и државата дека е слободна тоа да го направи, затоа што е одвоена од верата. Со амандманот во кој сте го образложиле цитирам: “Во петто одделение учениците ќе можат да изберат помеѓу предметите веронаука и религии”, вие директно внесувате верско образование, или верска поука, како сакате кажете ја, во државните училишта, што со Уставот ви е забрането, а е пропишано дека е надлежност само на верските заедници.

Од тие причини, со оглед дека е јасно дека ова предизвикува сериозни конфронтации во општеството, еден ден ќе заврши на Уставен суд со барае да се преоцени уставноста на овој член, што вие сега инсистирате да остане. Ако заборавивте на што сте се обврзале со изјавата и со дебатата во Собранието, јас сум еден од оние кој ќе ве потсети и ќе ве повика да ја прифатите одлуката на Уставниот суд по пат на оставка. Ако тоа не го направите, има механизам по Уставот, да ве повикаме на одговорност, не по ваша волја на Собранието. Се надевам дека ќе бидете доблесни да го прифатите првото.

Вие вчера исто така на моето инсистирање да соопштите што подразбира зборот: “Како изборен предмет”, објаснивте дека децата ќе имаат право да изберат дали ќе посетуваат или не, меѓутоа, овде во образложението на последната страница децидно стои дека тие ќе можат да изберат само помеѓу веронаука и запознавање со религиите. Значи, нема да можат да изберат да не го посетуваат тоа.

Она што мене ми предизвикува дополнителна дилема, дали за тоа ќе бидат оценувани, дали тоа ќе биде дел од нивниот образовен успех, дали изборниот предмет веронаука и запознавање со религиите ќе биде услов за запишување во повисоките степени на образование, како ќе се одразува тоа во сведителството, со оглед дека децата сега имаат и други изборни предмети, кои исто така се внесуваат.

Кога вие како министер за образование ќе пропишете образец за издавање на дипломи за завршено петто одделение итн, ќе треба во образецот да пропишете предмет кој се вика веронаука и да донесете наставни програми и планови што децата ќе изучуваат, кои се нивните цели, задачи и содржини, како и кои кадри ќе ја реализираат програмата. Тогаш повторно кога ќе го пропишето образецот и ќе ги доведете децата кои се десетгодишни во петто одделение да добијат сведителство во кое државата не смее да им внесе оценување за верски предмети, кои согласно член 19 и амандман 7 на Уставот се

исклучиво, без алтернатива одвоени од државата, вие како министер ќе направите уште еден прекршок. Токму сакам да се изјасните во овој момент, со оглед дека ќе треба да прилагодите и подзаконски акти и обрасци кои вие како министер после законот ќе треба да ги направите, што ќе направите во сведителството од петто одделение и какви оценки ќе предвидите и дали ќе бидат дел од нивната училишна биографија. На пример, дали тие ќе придонесуваат за запишување во средно училиште по медицина. А ќе ви кажам подоцна, зошто токму за медицина, или во училиште за природни науки. Ќе ви кажам исто подоцна зошто тие оценки ќе бидат важни за запишување во природните науки. Јас сум убеден дека вие не сте во право, односно сте во грешка. Меѓутоа, да цитирам еден ваш претходник од Владата, бивш колега. Имам впечаток дека вие сте приклештен да го направите ова. Тоа го изјави господинот Илиријан, министерот за култура, кога ја поднесе оставката. Јавно соопшти, јас сум приклештен да ја поднесам оставката. Тоа го изјави јавно. Мислам дека вие сте сега во истата ситуација, дека сте приклештен да го правите ова, без доволна аргументација. Мислам дека на крај ќе се сведе на истото. Тие што ви испорачале против уставен закон, на крајот ќе ја прифатат во знак на демократија вашата оставка, затоа што сте згрешиле. А возот ќе си продолжи да си вози. Меѓутоа, во вагонот во кој седи господинот Рушите ќе има друг министер.

Сега да се вратиме, точно за амандманот зборувам дали е уставен или е против уставен. И ова е многу сериозно прашање. Сега да се вратиме на одредбата од амандманот, односно од членот кој со амандманот се брише господин Рушити. Со оглед дека стои, да повторам заради влез во втората ситуација. Во основното училиште задолжително е верското образование и задолжителен е изборот помеѓу веронаука и историја на религиите. Јас господин Рушити во раката држам една книга која ја има во продавниците во Скопје и која се вика “Моја прва библија во слики”. Претпоставувам дека верското образованието во петто одделение ќе ја започнете на начин сличен на овој, “Моја прва библија во слики”. За да не мислите дека е некое издание кое е шпекулативно, да ве потсетам дека ова издание е од Интернешенел бајвел со саати и издание на Библиското здружение на Република Македонија во 2007 година, преведено на не знам колку јазици во светот, тука пришува.

Првата лекција во петто одделение, која е можна, не тврдам дека е така, бидејќи немам сериозни познавања, меѓутоа се обидувам што ќе учат децата во петто одделение. Претпоставувам дека вие како министер ќе бидете во ситуација да имате прв час географија, втор час веронаука. На првиот час децата во петто одделение, тоа го проверив од мојот син пред 3-4 години беше петто одделение, учат за настанокот на светот, на сонцето, на планетите, на ѕвездите, на метеорите. И тоа во вашите учебници кои вие сте ги одобриле или некој ваш претходник сеедно. Има теории кои ги учат во петто одделение по географија како настанал светот, како настанале планетите и како настанале ѕвездите и како настанало сонцето. За тие што не знаат можат да се вратат во петто одделение, ќе научат.

Во оваа книга која е по веронаука, првата реченица е: “Бог го создаде целиот свет, тој ги создаде цвеќињата, дрвјата, водата и ѕвездите. Бог го создаде сонцето”. Првото прашање веднаш после овој текст гласи, за поука на учениците: “Кој го создаде сонцето”? Претпоставувам дека професорот од нив ќе побара да го цитираат погоре напишаното: Сонцето го создаде Бог.

Можам да претпоставам каква конфузија со закон внесувате кај децата, кога на првиот час професорот по географија ќе ги учи за настанокот на сонцето и вселената, а вториот час професорот по веронаука, кој вие ќе го лиценцирате согласно закон, веројатно ќе ги учи дека сонцето го создал Бог. А тие деца се десет години. Не знам што ќе ги учи професорот по исламска вероисповест. Затоа што не успеав во литературата да најдам. Меѓутоа, во Библиотеката на Собранието се потрудив и најдов нешто за исламот како веронаука, која ја воведувате исто така, па ќе ви прочитам и за тоа.

Ако е третиот час по биологија, децата на третиот час ќе учат за настанокот на живиот свет. И го учат. Значи, на првиот час ќе учат дека сонцето настанало по теориите за настаков во вселената, а на вториот час ќе учат дека сонцето е создадено од Бог, од надприродна сила. На третиот час, на истиот час по веронаука децата ќе учат дека Бог ги создаде и цвеќињата и дрвата. На третиот час по биологија ќе учат за настанок на првите едноклеточни растителни животински организми. Можете да замислите кој ќе биде воспитувачот на децата и професорот. Дали училиштата кои се во ваша надлежност, или родителите дома. Кога децата ќе дојдат и ќе треба да им ги испорачаат одговорите што Министерството за образование и наука, наместо да им ги разјасни, ќе ги вовлече во уште поголема конфузија. Утредента децата ќе учат дека првиот човек што го создаде Бог се вика Адам. А еве господинот Ѕинго, кажува дека тоа го пишува тука, значи, добро е научено. Потоа се создала и Ева. Подоцна Бог ги создаде животните и во книгата, што е најтрагично пишува, жирафата, слонот и зебрата. Потоа е прашањето кој ги создаде Адам и Ева и кој ја создаде зебрата? Значи, ова е системот во кој ќе бидат внесени нашите деца. Сега е смешно. Сега министерот се потсмева, потпретседателот се смее, сите пратеници се смеат и јас се смеам. Меѓутоа, кога десет годишни деца ќе почнат да го учат ова, ќе настане навистина смеа со општеството. Не знам дали да продолжам со третата и четвртата лекција. Значи, вие сте на добар пат. Англичаните имаат еден подобар збор, велат (зборува англиски - мисет ју гејтид).

Во Библиотека на Собранието, со оглед дека не успеав во продавниците во Скопје да најдам, или не знам каде да најдам набрзина, најдов една

одлична енциклопедија, која на овие простори на Балканот е престижна и се вика: Енциклоподија на лексикографскиот завод од Хрватска за кој општо познато е дека е еден од престижните лексикографски заводи на Балканот.

На страница 579 го има опишано зборот ислам и неговите вредности, затоа што 1/3, или 30%, не знам колку е по статистиката во оваа држава од децата ќе учат ислам.

Ќе се обидам да преведувам од хрватски. Муслиманите се налага да веруваат во еден Бог, монотеизам итн, и во судниот ден и судбинското предодредување на нивниот живот. Или на исламски во кадата и кадерот. Не тврдам дека е така, се повикувам на авторитет не Лексикографскиот завод од Загреб. Значи, децата можат да се доведат во ситуација учејќи да не мислат дека нивната судбина и успех ќе зависи од основното, средното образование, учењето на науката, туку читам, е предодредена од судниот ден и од судбинското предодредување на нивниот живот, кое е со самиот факт на раѓање. Учел, не учел, работел, се трудел, не се трудел, детето ќе научи дека му е предодредена судбината и не треба многу да се занимава со тоа.

Со оглед на тоа дека децата веќе учат и граѓанско образование, а и се дел од системот во кој живеат. На пример, децата учат дека покрај трудот, покрај земјата и капиталот, односно парите имаат своја цена. Таа цена се вика господин министер камата. Меѓутоа, веројатно ќе ги научат, не можат да тврдам, тоа што овде го пишува, дека главните должности во исламот се пет. Ги набројува кои се: молитви, пет пати дневно, обреди, салат итн. и меѓу другото да се учествува во бој против непријателот. Една од петте главни должности на исламот. А, во забраните, покрај другото пишува алкохолни пијалоци итн, општо познато, внимавајте, наплатување на камата, или на исламскиот речник риба. Значи, децата ќе се учат во петто одделение во исламот дека наплатувањето на камата е  забранета верска дејност. А каматите, како што знаете се дел од пазарната економија, дури и од непазарната економија. Тие се цена на капиталот.

Главната одлика на исламската наука, цитирам е: судбината, или кисмет, воројатно на арапски, по која не е можно да се избегне предодредувањето заедно со убедувањето дека на секој воин кој ќе погине за бојата на Алах ќе му бидат простени сите гревови и веднаш ќе премине во уживање на рајските сласти итн. Тука се разбира има многу страници кои јас успеав неколку да ги иscитирам. Кога овие две ќе ги споите во образовниот процес, на еден час децата ќе учат како настанал планетарниот систем, на вториот час ќе учат поинаку, а овие другите ќе учат нешто сосема трето. Не знам што ќе ги учат за сонцето. По биологија ќе учат едно, тука ќе учиме друго.

Тоа што мене ме плаши е дека не е од волјата на децата и родителите, туку од умешноста на професорите, кои вие тука во законот, да потсетам, велите вие со подзаконски акти ќе го утврдите профилот на кадарот што ќе ја реализира верската програма. Нема да зависи од никој друг, туку само од умешноста на професорот по географија, или биологија, или економија, кој е ист за православните, муслиманите и другите верски заедници во Македонија и оној професор кој можеби ќе успее да ги увери децата дека сите други предмети не се во право, туку само нивниот предмет е во право и тоа по законска обврска, која нагласувам согласно член на Уставот е забранета. Ако некои од овие што вршат по вашиот закон, како што сте го нарекле кадар за вршење на верска обука, е поумешен од кадарот што ја врши другата обука, можам да замислам каде ќе завршат децата, каде ќе заврши нашето општество, со сознанијата за светот.

Затоа сум уверен дека ова Собрание треба да се врати на изворните принципи на Македонската држава. А изворните принципи на Македонската држава се дека се гарантира изразување на верата и се гарантира на верските заедници слободно да можат да ја изразуваат и се гарантира дека државата е одвоена од нив. И не е случајно одвоена, помеѓу другото и заради ова. Ние сега со вашето неприфаќање на амандманот на госпоѓата Грковска и другите што се потпишани, сум уверен дека влегувате во една авантура слична на онаа што е опишано како авантура на кајчето на Ное. Дали ќе успее да ги собере сите еден милион, според науката инсекти кои постојат во светот да бидат во пар на бродот или не. Да не зборуваме за другите видови на животни. Авантурата на ваквиот амандман, колку и да изгледа смешна и наивна, може да има сериозни последици во општеството.

Сега, во врска со бришењето на овој амандман, да се вратам на тоа на што токму оние пратеници кои ве охрабруваа да го донесете овој закон, ве охграбруваа овде три дена, дека е тоа навидум разлика помеѓу левицата и десницата. Тоа не е разлика помеѓу левицата и десницата, туку испод неа има уште една разлика а тоа е, дали нашите деца ќе успеат да се снајдат во општеството и во животот кој ги чека, или ќе им се наметнат вредности кои можеби ќе ги одалечат од тоа што сакаме ние да го постигнеме како држава, со организирање на образовниот процес како задолжителен инт.

Мислам дека со ова образованието на децата го тераме во погрешен правец и дека реформите, нултата група што сега постои, што станува прва група, тоа е техничко прашање со оглед на тоа што од прво до четврто одделение повторно ќе имаат учител или оделенски наставник, а од петто до осмо после повторно професори, ништо суштински не се менува. Ова е сериозниот проблем кој се внесува во образованието. Особено ќе биде проблем за децата кои учат во училишта во какви учат, ајде да речеме 1/3 од популацијата, во училишта што осите ние сме ги виделе во цела Македонија кави се, со какви

кровови, какви подови, какво греење, какви табли, какви наставни помагала, какви ѕидови, какви пристапни патеки, какви тоалети итн. Кај тие деца за кои ве уверувам дека, поголем дел на религијата на која вие лично припаѓате, се жртви, на лоши образовни  услови зборува, сегашни, ќе им внесете само аргумент повеќе, да помислат дека тоа е така предодредено и дека можеби не треба многу да се размислува за тоа да се промени, ќе ги внесете во живот во кој можат да помислат дека треба да се помираат со таквата состојба, наместо активно да се борат во животот. Значи, вкупната наука која вие како Министерство за образование и оваа држава им ја дава на учениците како задолжителна, ќе ја внесат под знак прашање. Мал број на науки ќе останат прво единствени за Република Македонија. Единствени затоа што ќе имаат алтернативни погледи, како државен поглед, што е спротивно на Уставот, ќе имаат различни толкувања и второ за сите науки кои ги изучуваат ќе се стекне впечаток дека можеби не е точно. Еве да ви прочитам каков впечаток може да се стекне кај децата, на настанокот на јазиците, зошто македонскиот и албанскиот е индоевррпска група, зошто на македонски се вика мама, на албански нана или нане, зошто се многу се слични, а зошто на кинески е нешто сосема поинакво, зошто на африкански јазик е сосема поинакво, кое нема никакви корени со мама, нана итн. Тука вели дека луѓето се обиделе да направат кула која ќе стигне до небото, меѓутоа бог сакал да ги спречи и за да не можат заеднички да работат на кулата на која што работеле, им ги измешал јазиците и секој да зборува посебен јазик за да неможат да се разберат и да продолжат со изградба на кулите. Професорот по македонски и  по албански јазик попусто ќе им објаснува како настанал нивниот јазик, зошто македонскиот е славјански јазик, зошто има сличности, незнам, со јужнословенските и словенските, зошто албанскиот е во некоја веројатно посебна група. Индоевропски е големата група во која заедно припаѓаме, нашата е словенска, вашата не знам дали е латинска која, посебна, а зошто сите заедно сме во индоевропска, а зошто воопшто не личиме со кинескиот јазик. Кај нив ќе стане само јасно дека, обидеувајќи се заедно да градат некоја кула, некој сакал да ги спречи и им дал различни јазици, па така ковачот станал македонец со македонски говор, а веројатно оној столарот Албанец со албански јазик и од тогаш зборуваме различни јазици, а после професорите за кои ние сме должни да обезбедиме да им дадат толкување зошто албански и македонски се раазлични и колку се различни, а колку слични во својот корен, ќе стане попусто. Само ќе биде умешност кој ќе ги убеди подобро. Ако има некој слаткоречив, како министерот за образование Рушити, професор, ако има некој добар и убедлив професор како министерот Рушити и ако има некој лош професор по македонски јазик, како што е пратеникот Поповски, ако има некој лош говорник како што е професорот по македонски, како пратеникот Поповски, тогаш господинот Рушити ќе ја добие војната во училиштето и децата ќе мислат, обидувајќи се градат кула до небото, јазиците им настанале различни и професорот по македонски и по албански јазик ќе си одат поразени. Меѓутоа, во тој момент ќе бидете вие поразен што ни го предложивте овој закон. Ако го убедите мојот и вашиот син или ќерка, ако имате, ако сфатат дека јазиците им настанле обидувајќи се да градат кула, а не затоа што имаат некакво друго потекло.

Сега знам дека сето тоа изгледа смешно, но јас се обиеувам да најдам некоја рационална елаборација на мултикултурно, мултиетничко и мултиконфесионално општество кое чекори во дваесет и прविот век, за кое вие не убедувате нешто сосема друго. Па дури и да карикирам, ако вие на нашите деца од пет години односно на петто одделение задолжителна настава , дека нивните јазици настанале градејќи кула, не знам кај исламот какво е толкувањето, не знам кај Евреите какво е толкувањето, џабе ви е вашето средно образование натаму. Тие што ќе заминуваат, ако им се вгради, во средните училишта со лингивистичка филолошка насока и факултетите натаму, нешто поинаку, цело време ќе зборуваат на јазици и ќе учат макотрпно и ќе имаат во животот сомнеж дека можеби тоа нивното нема корен како што тие учат. Многу е битно што ќе се всади кај децата. Затоа оставете ги родителите и децата сами да одлучат дали сакаат да учат вероисповест. Тоа Уставот им го овозможува. Во членот 19 од Уставот пишува, слободни се верите да си направат верски училишта. Не им го давајте задолжително со она што ние им го даваме. Не доведувајте ги децата во ситуација кога се на 10 години, само три четири години после првото описменување, кога не ги добиле одговорите за светот во кој живеат, после учењето во 1, 2, 3 и 4-то одделение на македонски, математика односно албански, турски и да не набројувам натаму, физичко, музичко, ликовно и веројатно уште некој предмет. Во 5-то одделение почнуваат науките да ги изочуваат: биологија, географија, историја, лингвистика, јазици. Ако им го поматиме тоа во тие години, мислам дека нема да направиме ништо добро. Ако ги оставиме родителите, различни какви што се, само во оваа сала седиме 5-6 религии, самите да си одлучат, ќе биде подобро. Не е наша работа тоа што вие сакате да го донесете со закон. Кога зборувам наша, зборувам за институциите на Република Македонија. Ако беше наша немаше да пишува дека сме одвоени од црквата, исламската, џамијата итн, ќе пишуваше дека имаме меѓусебни нишки во кои треба да се сплотиме. Ако тоа го правиме доброволно, тоа спаѓа во нашата демократија и тоа не разликува од социјализмот во кој не беше ни тоа, иако начелно дозволено, баш прифатливо. Луѓето беа санкционирани, ако премногу натаму одеа. Сега ги ослободивме да си ги упразнуваат верските слободи. Меѓутоа, сега ако им ги наметнеме верските слободи со закон од државата, не знам дали се верски слободи.

Тоа се верски обврски. Има можеби луѓе во Македонија атеисти кои не сакаат нивните деца да посетуваат вероисповест, ниту историја на религиите, затоа што атеизам не значи дека не припаѓаш на исламот, ниту да не припаѓаш на христијанското, значи дека не припаѓаш на ниедна вера. И тие атеисти, ако ги има, исто така имаат некакви права. Знаете како се зборува, правото е секогаш на оној кој е во малцинство. Правото на мнозинството е дадено со фактот дека е мнозинство. Господинот Догани ќе ми се лути, меѓутоа неговот право вчера е правото на силата, не е право на демократијата. На господинот Тачи не му треба демократија. Тој ја има силата од претседавачкото место. И на децата кои не сакаат верска поука, оставете им ја слободата дас одлучат, а не да ги присилува мнозинството. Сето ова ќе направи голеи проблеми во општеството, особено како што е македонското. Така што, иако знам дека на многу од пратениците ова им звучеше дпласирано, се обидова колку толку да направам еден осврт што може дас ни се случи во образованиесто. Сите ние на еден или на друг начин сме родители. Треба да ги подучуваме децата зошто металот се ширел на топлина и се стеснувал на ладно, зошто имало динасауруси пред 60 милиони години, зошто ги нема денес. Ако влезеле во уште една свера на државата, само да не разбереме погрешно, затоа што знам дека ов овој Парламент има обичај да се извлекува вон од контекстот и да се зема како аргумент. Јас не сум против ова, ама сум против тоа како државна обврска затоа што тоа во Уставот го пишува. Овој амандман е токму клучниот и е токму тоа, да остане во правото на индивидуалните слободи кои ни ги гарантира Уставот, но не и во право на обврските кои ни ги наметнува Уставот. Тоа е во сверата на наментнува од страна на Уставот, со закон. Ако Уставот на Македонија не е доволно силен, извинете на изразот, да спречи самоволие на министер, на Влада или на мнозинстдво, да направи нешто противуставно, тогаш не ни треба Уставот. Нас Уставот ни треба токму поради тоа, да има некои вредности кои се општи и кои можат да се сменат само ако сите заедно се согласат односно Уставот одредил сите заедно 80 пратеници и плус одредил уште механизам, за некои работи во кои спаѓаат и овие, освен тие 80 и уште половина од тие кои не се чувстсвуваат македонци по нација. Ако сега ние сме во ситуација Уставот да не може да го спречи тоа со последици кои може да ги нанессе, тогаш Уставот не е устав. Тоа е противуставен член и овој амандман треба да се прифати за да се заштити Уставот. Инаку, нема смисла работењето во Парламентот, во државата, ако правилата не се трајни. Има едно толкување дека демократијата е почитување на процедура. Тоа не е точно. Тоа е недоволно толкување. Демократијата е почитување на демократска процедура, затоа што има процедура која не е демократска. Тогаш не станува збор за демократија. Одбраната на Уставот со процедура која го нарушува Уставот, не е демократија. Одбраната на неуставни амандмани или членови доставени од Министерството за образование, опфаќа неуставност, ако мислиме дека Уставот е дмократски и недемократичност.

Ако Уставниот суд на Република Македонија се произнел дека вакви измени на закон не се можни, без претходно да се смени Уставот, во одредбата дека верата е одвоена од државата и дека верски училишта основаат верските заедници, тогаш имаме проблем со Уставот и со демократијата.

Јас навистина сум убеден дека на нас ни треба многу посериозна расправа околу бришењето на овој член, освен, едноставно имаме мнозинство, велзете правете ни кворум, инаку ќе кажеме дека не присуствувате, а ние ќе си го изгласаме законот и ќе почнеме со авантурата Македонија 2007 година. Не сум убеден во термините. Да ги оставиме сега на страна и некои можеби малку вулгаризирања што ги направив во текот на дискусијата, меѓутоа се обидов да размислам како овој акт кој се вика Устав на Македонија, ќе се соочи со овие два и со уште многу вакви акти во Република Македонија. И не го наоѓам за себе одговорот, а пак сум исплашен дека тие на кои им го наметнуваме ова или она, на 10-годишна возраст, уште помалку ќе им наметнеме одговори.

Убеден сум дека македонскокто општество треба да се гради како македонско, не во македонска етничка смисла, туку во политичка смисла, Македонија како политичка целина, како држава во која имаме разлики кои треба да си ги упразнуваме, а не да ги наметнуваме од страна на државата. Тоа е полето на разлики каде што државата треба да остане на страна. Тоа е нашиот модел. Во делот на исистирање на ова, мислам дека не е нашиот модел.

Завршувам со следното: Нека ми простат тие што мислат поинаку. Го почитувам и нивното мислење, меѓутоа мислам дека ова е ретрограден процес, знаете зошто. Сега ќе ви кажам нешто зашто моите ќе ми се налутат, вие ќе ми кажете што не го кажа тоа претходно.

Во светот, со мали исклучоци, а на нашите простори без исклучоци, дури и кај вас во Исламот, образованието започнало како верско. Не се битни кои векови. Госпоѓата Топузовска ќе ни каже подобро, бидејќи е постручна од сите нас, професинално. Значи, започнало како верска. Верата била таа која го внела образованието да ги подучува луѓето на својата филозофија. Сакајќи да ги запознае како настанало Сонцето, прво морала да ги научат да читаат и пишуваат, да ги оспосои да можат тоа да го пренесат и на другите и одиграла индиректно, сакајќи да ја шири религијата, одиграла влијание да ја нпрошири и писменоста, барем кај македонскиот православен народ. Препоставувам дека кај Албанците отприлика е исто, не тврдам, или кај другите верски заедници, кај Турците итн. Меѓутоа, тоа е историски надминато. Затоа државите уште пред неколку стотици години основале државни

училишта за да го оттргнат образовниот процес од исклучивоста на верскиот процес и рекле вие продолжете си. Сега јас многу го упростувам тоа, но на учениците ќе треба така да им се објасни кога ќе почнат. Значи, продолжете си вие како ваша слобода со верското образование, меѓутоа ние како држава ќе го заштитиме светот и народот од исклучивоста на едно толкување за се и ќе организираме државно образование, а вас ви остасваме како слобода, правете ако сакате и друго образование. Со тек на време во многу држави овој процес дошол до фаза кога од вкупно верско образование заостанасл еден час во основното образование, неделно или како, незнам колку има намера министерот да воведе, еден, два, три часа, се надевам не повеќе од математика на пример, а другите нараснале на 20 и нешто часа неделно. Процесот се одвивал во тој правец.

Во 1945 година во Македонија, колку што успеав да проверам е воведено задолжително основно образование, не 8-годишно, туку основно, колку е основното е различна категорија, 4, 6, 8, меѓутоа задолжително основно. Дојде време кога македонската држава донесе закон, тој веќе е донесе, можеби веќе и објавен и е во сила, помисли дека само тоа е недоволно и дека задолжителното основно образование треба да е пролонгира уште на 4 години. Тоа што е наречено средно, јас ве уверувам дека ако е задолжително, тоа веќе не е средно. Ако е задолжително, тоа е основно образование, затоа што државата ве обврзува, тоа што смета дека е основа за вас, да го научите. Нашата држава од завчера смета дека основата опфаќа и средно образование. Нашето основно образование се протегна на 12 плус една подготвителна.

Сега со тие амандмани не можеме да дебатираме, тоа што вчера имавме спор со Догани и со вас. Јас не мислам дека ова ви е деветгодишно образование. Припремната не може да е образовна, затоа што има придавка. Вели, припремна за образование, деветгодишно образование не е, значи 8 плус 1. Значи, 12 плус 1 припремна на основните 12.

Вчера ве слушнав дкеа средното образование сега го толкувате дека може да биде и четврогодишно, тригодишно и двегодишно и едногодишно, тоа значи дека ние со Закон утврдивме на нашите ученици, зборувам за македонските ученици, дека нивното задолжително образование зависи од нивната волја. Ако сакаат 8 плус 1 ќе завршат и плус 1 средна или плус 4 средни. Се сомневам дека имаме неправичен аршин. Тој што решил да заврши гимназија, самиот одлучил дека државата го обврзала за 12. Тој што решил да заврши 1, не знам кои се тие професии со 1, ако има некој да потсети ќе биде добро за примерот, еве некој занает икс, со самиот избор на занаетот икс ние сме го обврзале со Законот на осумгодишно плус едно. Направивме разлика во изборот помеѓу учениците дали ќе бидат 12 или 9 години во задолжителното образование. И, тој систем, господин министер, ќе мора да се ревидира. И, сега, процесот од верско без световно, во цел свет оди кон световно без верско и во нашата држава тоа е очигледно со овие закони што ги елаборирам и затоа ги елаборирам што се случува со средното, па сега одеднаш во пакетот на законите добиваме она што како мали деца го правевме, кога на точакот ќе му ставиме кога ќе вози низ жиците пред виљушката стап. Само заради едната жица што ќе се фати на стапот, точакот правеше салто мортале и паѓавме од мост во вода со се точак. Така, барем ние како деца сме правеле, а претпоставувам и други колеги. Значи, една жица на тркалото од 30 ако ја закочите, таа создава проблеми. Не сум сигурен дека на процесот на образованието во кој се движиме, верската настава ќе ги извлече. Не сум сигурен и нека ме извинат сите верски заедници во Македонија што немам доверба. Зоштонемам доверба, веројатно тие се виновни. Како зошто немаат доверба во нас, ние сме виновни. Кога јас одам на избори, тие гласаа, во последниов случај против нас. Зошто гласале против нас, веројатно јас сум виновниот што тие немаат доверба во мене, а имаат во Петровски и во Рушити. Така и верските заедници, јас немам доверба и претпоставувам дека вината е нивна. Не сум човек со негативна енергија да имам толкава недоверба.

Имам недоверба, господин министер, дека наместо да ги учат децата, тука има и нешто што не го цитирав и сега сакам да го цитирам. По некоја смешна ситуација се дојдени до 10-те божји заповеди во христијанството, мислам хронолошки смешна. меѓутоа, 10-те божји заповеди се добри, затоа што не наоѓам во нив нешто што е против моралот. Меѓутоа, не сум сигурен и не верувам во тоа што провесорите ќе вршат верска поука, дека ќе усепат да направат екстрат на тоа што ние мислиме дека треба како држава. Со 10-те верски заповеди кои се не убивај, не лажи и т.н. ќе ги подучат и дека сонцето го создал бог и сите животни растенија. Верувам дека учејќи ги во некоја позитивна страна, ќе ги учат и во нешто што е надминато за современиот свет. Исто така, верувам господин министер, кај исламот дека, освен тоа што ќе ги научат ова што го читав и што мислам дека е , непотребно е ние да ги форсираме да го учат како држава. Ќе ги научат и на добрите работи што тука ги пишува. На пример, за мене една од нив е конзумацијата на алкохолот. Сега, не знам и кои други, ги има таму многу добри страни кои не ги прочитав во тој контекст. Сега ги кажувам во овој контекст, да се однесуваш со добрина, една од петте заповеди во исламот, исто ако во христијанството кој никој не го спроведува, давај на сиромашните ако имаш вишок и т.н., тука ги пишува да не ги читам, ниту сум толку стручен за нив. Меѓутоа, јас не верувам на верските поучувачи дека ќе успеат да го извлечат екстрактот, дека ќе ги навлечат децата покрај на моралните вредности и на суштинските научни односно од мој агол гледано не научни

вредности, за да ја избегнеме таа стапица, ајде ние да ја организираме наставата., државата. Има еден професор Темков кој 10 години се бори, сите го знаете не е еден, туку почитуваниот господин Темков и други, кои се борат децата да учат етика и морал. Ако сакаме да ги учиме на етичноста и на моралот од религиите, дајте ние да организираме настава за етичност и за морал, пуштена низ филтрите на Министерството за образование, кој се нарекува Педагошки завод, Биро за развој на образование, кои од аспект на нас како држава ќе одлучат што е тоа што треба таму да се изучува. Верските позитивни работи се сместени во науката за моралот и т.н., меѓутоа има верски работи кои јас не сакам да се изучуваат како пратеник и на тоа имам уставно право да борам да не биде така. За биологијата, за јазиците, за историјата, за неа знаете може да почне од госпоѓицата Луси во Кенија, каде што е најден најстариот череп на човек кој е наречен Луси во 1967 година, по таа песната Бителски што ја слушале додека го откопувале, меѓутоа може да почне и на некој друг начин. Ајде да ги одвоиме тие работи што сакаме да ги научиме и да ги сместиме во предмет кој е поинаков и ќе го учиме сите заедно, од сите вероисповести и православни и католици и муслимани ќе учиме на добрите страни на верата, која се филтрирала во текот на сите овие илјадници години и стигнала до нивото, кое денес светот ја нормирал со закони. Тука пишува дека изборот на правото, на пример во исламот претставува и за сунитите и шиитското право за шиитите за кои пишува дека се 10%, колку што знам во Македонија се 99% муслиманите сунити, а 1% шиити, како што видов од Статистика или помалку. Значи, како ќе ги учиме ние на вредностите на правото Уставот и законите во државава низ образовниот систем, ако помеѓу другото ги учиме за делот на луѓето или децата кои ќе учат исламска вера, дека има и друг извор на правото. Тоа е спротивно на нашиот политички систем. Не може да е извор на правото за муслиманите во Македонија, извинете, шиитското или сунитското право. Изворот на правото во Република Македонија се заснова на собраниските закони и Устав и ништо друго. Ама ако ги учиме дека и друг извор на право има е проблем. Слични паралели, јас цело време се обидувам да правам паралели, затоа што ја знам која е опасноста, некој сега да ми каже и затоа постојано по еден пример вадев од сите. И во верата, во христијанската вера или во православната вера, сеедно, постојат извори на правото, кои во Република Македонија не можат да бидат извори на правото. Едноставно, затоа што тука пишува законодавен дом е Република Македонија и дека сме правна држава, владение на правото пропишано и т.н.

Значи господин министер, по мене произлегуваат сериозно голем број на рпашања и теми зошто Собранието на Република Македонија треба да го прифати амандманот на госпоѓица Грковска и зошто треба да ви го смени законот кој што сте го поднеле.

Јас сеуште се надевам дека можат да се направат дополнителни консултации. Денес за среќа е петок, до понеделник, па и во понеделник да го добиете, меѓутоа дополнителни консултации да се види дали Македонија го прави вистинскиот чекор со ова. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Господинот министер има реплика од три минути, повелете.

**Сулејман Рушити:** Дискусијата на господинот Поповски е многу долга и можеме со денови да дебатираме, па јас би сакал да седнеме некогаш и да дебатираме, а особено за вакви омилени теми, што е всушност и моја тема на една студија - религиите.

Накратко сакам да кажам дека вака кога се гледа, песимистички гледано вие сметате дека тоа е ризик. Инаку, има граѓани во Република Македонија кои не сметаат дека ова е ризик и дека е се црно. Ќе ви кажам неколку примери. Во последно време сум имал можност да посетувам некои училишта надвор од Македонија, едно католичко училиште кое не продуцира да речеме условно кажано кадри за црква, туку е католичко училиште кое ги учи децата и од тие училишта излегуваат лекари, правници и т.н. Таму, во делот на тоа како настанал светот, ги учат дека светот настанал од бог, ама учат и биологија.

Инаку и сега во Македонија јас сметам дека дома децата ги учат, како и дедо ми што ме учеше дкеа светот е настанат од бог. Во училиште ме учеа дека според Маркс материјализмот, па не сум збунет, мислам сепак постигнав да продолжам со моето образование и воопшто не ми е проблем тоа кој што ме учел. Ако одиме по таа логика, јас не ја знам вашата професија дали сте имале предмет психологија или филозофија, па би ве прашал едно конкретно прашање. Кога учиме за Фројд и за Едиповиот комплекс, треба да веруваме во тоа? Или, ако учиме за Макијавели или за Монтеские треба целосно да му поверуваме. Значи, тоа е процес на образование. Ние сме учеле за Маркс, јас никогаш не сум верувал и сега не му верувам, но тоа и сега би го прочитал како еден вид на филозофија. Сметам дека сепак со овој закон има право на изборност. Ако, да речеме, побожните родители сакаат децата да ги водат на веронаука, го имаат тоа право. А, што смета некој атеист да биде запознат со сите религии. Еве, вие одлично одржавте еден час за запознавање со религиите.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Нема контра реплика господине Поповски.

Реплика од три минути има пратеникот госпоѓа Ташева Виолета, повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам потпретседателе.

Мојата реплика се однесува во однос на дискусијата на пратеникот Поповски и јас ќе се повикам на еден документ изработен во Љубљана 2004, Словенија, инаку Веронаука и школување во отворено општество, каде што целта на оваа компаративна инфорамција, со кој

што располагаат, покажува дека веронауката е веќе присутна како задолжителен или како незадолжителен предмет во голем број училишни системи во Европа и во светот. Тука се имиња, кои за јавноста е добро да се спомнат. Имиња на луѓе, стручњаци кои работат во Меѓуработното биро за образование, Унеско, во Универзитетот, Институт за образование, Универзитет во Лондон, Програма за поддршка на образованието, Будимпешта, Брисел и т.н. Тоа значи дека еминентни луѓе, 16 стручњаци консултирани во однос на оваа студија и јас од неа ќе се обидам кратко да кажам и да поврзам од дискусиите и да го демантирам изнесувањето на колегата, да искажам свои ставови. Се повикувам на еден дел во кој светската меѓународна јавност кога разгледувала трендови во дебата за истражување за религии и школувања, во ноември 2001 година Обединетите нации во соработка со Владата н Шпанија во Мадрид одржа Меѓународна конференција за елиминирање на религиозната дискреминација и нетолеранција во образованието, што значи дека се воочени моменти, во кои треба сериозно да се разгледува религиозната дискриминација и нетолеранција во образованието. Во однос на истото дали постојат европски стандарди и модели за религија и школување, во едно отворено општество во студијава вели дека не постои меѓународен или европски стандарден модел, но е многу битно дека практиката на веронаука во јавните училишта, на пример во Европа може да има голема разновидност, што следејки ја оваа студија, може да се воочи дека многу земји членки во Европската унија, веќе ги имаат воведено верското образование. Но, како предмет веронаука, единствено во Франција, Црна Гора, Македонија и Албанија, инаку во сите други земји овој предмет постои, евидентен е.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути за реплика пратеник господин Ѓорчев Владимир, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе.

Која е репликата?

Можеме многу да зборуваме за политичката социјалогија, за цивилизациите, за сето она што му се случувало на човечштвото на овој долг, навистина долг пат на човештвото. Но, еден заклучок се наметнува од искуствата кои што ги имаме како цивилизација е тоа дека секое општество или цивилизација која ќе се одалечи од бога, порадно или подоцна завршува во декаденција и во една ентропија која што доаѓа од внатре. Значи, тоа е и од стара Грција и од Рим и во средниот век и т.н. Значи, уште еднаш ќе повторам тоа е дека секое општество кое што ќе се одалечи од бога, завршува во декаденција и во внатрешна ентропија. За жал, денес македонската младина многу повеќе ја одликува и ја инспирира, за жал, промискуитетноста на Париз Хилтон или декаденцијата на Лорди, одошто животот на апостолите или животот на Марија Магдалена. Гледаме што се случува во нашето општество, можеби генерациски сум посвесен за она што се случува во нашите училишта, во нашите дискотеки со 3 до 4 илјади таблети екстази кои што во Република Македонија се дадени секој викенд. Пресметајте колку милијарди мозочни клетки се тоа убиени секој викенд во Република Македонија. Ја не велам дека ова ќе го даде одговорот на сето тоа, но ова е еден од инструментите, а дури и би дополнил еден од навистина ретките инструменти со кој што можеме да ја пресретнеме декаданцијата.

Јас би сакал да го цитирам шефот на научно истражувачкиот тим на мапата на човечкиот геном, најголемо откритие, дури можеби и во последниов век, дури се повлекува еквалент дека е тоа толку големо откритие за нас како човештво, како што било откривањето на пламенот и на тркалото. Доктор Френсис Колинс на едно предавање, кое што го следам, го докажува следново,а тоа е дека науката ги дава одговорите на прашањата како. Но, науката не може да го одговори прашањето зошто. На прашањето зошто тука произлегува Господ, тука произлегува она што го имаме како светоглед и она што го имаме како вредности. Религијата едноставно не е спротивставена на религијата, затоа што и самиот Дарвил бил голем верник, Ајнштајн бил голем верник и цела низа големи научници, кои сме ги имале. На луѓето треба да им овозможиме избор и треба да ја пресретнеме декаденцијата која што е се присутна. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со расправа по амандманот.

Има збор пратеник Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Почитуван потпретседател, почитувани колеги, почитуван министер,

На самиот почеток би сакал да го кажам својот став по однос на прашањето за воведување на веронаука во училиштата од петто одделение, би сакал да кажам дека сум против воведување на веронаука во училиштата, а најповеќе сум против концептот кој Владата го предлага и начинот на кој планира да го воведе верското образование во училиштето, односно основното образование.

Би сакал да кажам неколку свои аргументи по однос на мојот став, а тоа е прво, што не можам да прифатам е тоа дека Владата во изминатава недела, и претходната ни достави еден пакет на закони од сферата на образованието во кој сите беа по итна постапка.

Сега концептот за деветолетката не ни го достави ни во итна постапка, туку ни го достави во последен момент преку амандмани. Сето тоа кај мене предизвика размислување дека всушност Владата како за неколку претходни работи за кои дискутиравме, можеби има идеја, но мислам дека концептот што го предлага и начинот на кој треба да се реализира е далеку од тоа да се земени во предвид сите можни последици, сите можни реперкусии од воведувањето на еден ваков концепт.

Само малку да се навратам на делот на средното образование. Поставивме многу прашања, но не добивме одговор на ниту едно. Поставивме прашања, но парламентарното мнозинство се обиде да не направи дека сме против образованието. Ние бевме против концептот и прашувавме, но, за жал, Владата не не удостои со одговори.

Еве сега концептот за деветолетката повторно ни го воведе преку амандмани. Немаме право ниту амандмански да реагираме на ваквиот начин на воведување на деветолетка. Многу значајно прашање е. Опфаќа генерации и генерации млади луѓе кои треба да се изградуваат во животот. Сега, со концептот за веронаука најмногу ми пречи тоа што Владата или парламентарното мнозинство предлага да има избор. Значи, да се бира дали ученикот ќе се определи за веронаука или за запознавање на религиите, како што ни објаснуваше заменикот министер.

Мојот колега господинот Поповски објаснуваше кои се последиците односно кои последици можат да настанат при практичната реализација на веронауката односно нејзиното спротивставување на она што го пропагираат или учат природните науки. Но, тука постои една друга опасност која може да настане при самото определување на учениците дали ќе се определат за веронаука или ќе се определат за историја на религиите. Ние не добивме објаснување од Владата...

Господине потпретседателе немаме претставник од Владата.

(Во тој момент влезе министерот за образование).

**Иван Анастасовски:** Имаме, продолжете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Значи, може да настане проблем и при самото определување на учениците дали ќе се определат за веронаука или за историја на религиите.

Ние не добивме објаснување од претставникот на Владата која е разликата меѓу овие два предмета или која ќе биде разликата. Веројатно ако планираат да го воведат мора да имаат концепт. Владеачкото мнозинство настапи со готови говори, очигледно знае како ќе изгледа веронауката во училиштата, за жал, ние сме хендикепирани, ја немаме таа предност Владата да ни доставува што планира и сега мораме да прашуваме, да зборуваме, надевајќи се дека Владата ќе ни одговори.

Дали Владата има направено анкета меѓу учениците кои ученици за каков предмет повеќе би се определиле. Дали е вистина дека на пример 30% од македонските ученици сакале да се воведе веронаука. Скоро повеќето од нив сакале да изучуваат историја на религиите. Дали вистина дека скоро 100% од албанските ученици сакале да се воведе веронаука и точно предметот да биде веронаука. Која е разликата ако велиме да се бришат разликите, да се доближат луѓето, учениците да се учат на толеранција, како, ако некој ученик се определи да учи само за својата вера преку предметот, ќе се запознае со предностите на другите религии или слабости во однос на тоа. Дали така, покрај другите поделби што постојат меѓу учениците, ќе воведеме делба по верска основа.

Овие прашања се сериозни и мислам дека треба многу да се внимава каков концепт ќе понуди Владата и што ќе се изучува со веронауката, а што со историјата на религиите. За мене е многу поприфатливо да се изучува историја на религиите или запознавање на религиите, етика и морал.

Мислам дека тоа е правиот концепт учениците да се доведат во ситуација да ги запознаваат разликите на другите вери и на другите религии што тие проповедаат, што учат она што природните науки го проповедаат нема да зборувам, бидејќи господинот Поповски потроши голем дел од својата дискусија на тоа. Но, мислам дека ако оставиме вака и ако се определат повеќе за веронаука каде претпоставувам ќе се учи само една религија, можеме да направиме сериозен проблем и младите да ги поделиме и по таа основа. Владата не убедува дека идејата или концептот е токму спротивното.

Затоа за мене лично е неприфатливо да се воведе предмет веронаука, далеку поприфатливо е да се воведе предметот запознавање или историја на религиите, бидејќи за тоа ќе имаме, има веќе обучени професори, професори кои предаваат филозовија, историја, социологија и кои можат на многу поквалитетен начин да ги запознаат.

Верското образование треба да го препуштиме на она што се однесува директно на верата или верувањето на црковните институции.

Граѓаните, по осамостојувањето, почнаа да се враќаат кон религијата, масовно одат по цркви, црквата има шанса она што сака да ги научи граѓаните во делот на верата и религијата да го направи преку самото доаѓање на граѓаните во црквата. Сега Владата турка еден концепт кој вели ние сме десна партија, за нас е прифатливо, ќе ја воведеме веронауката. Дури гледаме дека оди понатаму и во болниците и здравствените установи се предвидуваат посебни објекти за молење или практикување на религиозни обичаи. Сега и таму воведуваме некоја основа за поделба. Значи, наредно ќе биде во државните институции, во министерствата да има исто такви простории, во Парламентот да имаме просторија каде ќе треба да си ги практикуваме религиозните обичаи, а ние ја водиме државата.

Мислам дека ваквото нудење по брза, по итна постпка на вакви концепти носи големи опасности во кои, се надевам дека е свесно владеачкото мнозинство и Владата и ќе имаат храброст да ја преземат одговорноста за се што понатаму ќе се случи. Но, знаете, сега кога ќе го воведете и кога тоа ќе почне, штетите што ќе настанат на некои генерации се големи, не е само политичката одговорност, после тоа не можеме да го вратиме ако преку образование на луѓето сме им го пласирале како вистина или како наука.

Затоа треба министерот сериозно да размили и да прифати амандман во кој ќе се воведе историја на религиите, запознавање на религиите. Тоа е концептот кој ќе доведе до доближување на луѓето и на учениците. Не можеме само преку воведување настава за сопствената религија да ги надминвуаме разликите. Мислам дека ќе доведе до големи поделби.

Она што исто така ми пречи во овој концепт е тоа што Владата вели дека моралните критериуми, системот на вредности ќе ги исправаме преку веронаука. Ако добро погледнеме, не сум стручњак од таа област, но мислам дека системот на морални вредности почна да се руши кога почна распадот на претходниот систем и изградбата на новиот. Губењето на работните места, затворањето на фабриките, економската криза која ја зафати Република Македонија, доведе до тоа системот на вредности да се измести, доведе до тоа луѓето од немање на работа, немање на средства за егзистенција да заборават на некои основни морални вредности и во трката за пари го заборават дури и воспитувањето на своите деца, семејството, а Владата немајќи концепт или не нудејќи работни места, економски прогрес, излезот ќе го бараме во религијата.

Ако ги погледнеме податоците од Заводот за вработување ќе видиме дека невработеноста расте за сите овие месеци. Тоа е сериозен проблем. Мислам дека Владата треба да ни понуди економски прогрес за луѓето да можат материјално да зајакнат и системот на вредности значително ќе ни се подобри и ќе се вратиме на она што значи традиционално - семејството и другите вредности кои до сега луѓето ги практикуваат.

Во оваа смисла нудење на решенија преку религија, а не нудење на работни места, мислам дека Владата прави едно замајување и дефокусирање на вниманието во Република Македонија.

Така беше претставен и концептот за средно образование. Ние имаме 160 илјади невработени со средно образование, тука испаѓаат претставници на владеачкото мнозинство и велеа дека ќе завршат средно и ќе најдат работа. А каде? Кој ќе ги создаде тие рботни места? Кога? Што ќе прават оние 160 илјади кои чекаат на Бирото...

**Иван Анастасовски:** Колега, ајде да се вратиме на амандманот.

**Марјанчо Николов:** Да се вратиме на амандманот, го повикувам министерот сериозно да размисли, не е едноставна работата, да размисли за некој од амандманите, посебно оној амандман што се однесува на воведување на историја на религиите како единствен изборен предмет дека треба да го прифати, во спротивно овој концепт ќе биде погрешен. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Почитуван министер вие сте за реплика или збор?

Реплика, повелете три минути.

**Сулејман Рушити:** Во врска со тоа што почитуваниот пратеник рече дека е за воведување и запознавање со религиите, тоа е правото на избор за запознавање на религиите, а што ќе се учи во запознавање на религиите? Ќе се учи дека Адам и Ева всушност се Адем и Хава, дека Ибрахим е Аврам или Абрахам, дека Ное е во некои јазици Нух, дека Исус е Језус, Иса, Хезус или Џезус. Ќе учат да ги почитуваат вредностите, ќе учат дека кај Христијаните ќе се почитува Светото тројство, ќе ги учат празниците, барем да знаат кога е Велигден да честитаат еден на друг, значи ќе се запознаваат со сите религии.

Од Херман Хесе сум ја прочитал книгата “Сидарта” која всушност е роман, но го опишува животот на една да ја наречеме филозофија или религија и многу ми се допаѓа како книга, тоа не значи дека сум помалку припадник на мојата вера, бидејќи сум прочитал една таква книга.

Инаку, за ваша информација, сум ја прочитал и Библијата, Стариот и Новиот завет, сега очекувам да ми дојдат некои книги за Јудаизмот, па да бидам комплетен.

Значи, со запознавање на религиите ќе се учат основните вредности на сите и тоа не е некоја новина, ние не сме прва држава во светот која воведуваме ваков предмет, има многу позитивни примери во целиот свет каде се учат религиите на тие, да ги наречам, конфесионални групации кои живеат на тој простор. Значи, ќе се учат тие позитивни вредности за да се почитуваме еден со друг.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам господине министре и јас истото во својата дискусија го сугерирав, да биде само историја на религиите и запознавање на религиите единствен факултативен предмет во делот на верското образование, а не веронауката. Мислам дека вие сега објаснивте што ќе изучуваат, за мене е прифатливо, да ги видиме и тие разлики меѓу нас и да ги доближиме луѓето преку запознавање на она што нашите религии го проповедаат и духовно.

Но, мислам дека само преку веронаука, ќе доведе до поделба на луѓето ако ја изучуваат само својата религија, а не ги запознаваат разликите. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Александар Спасеновски, повелете.

**Александар Спасеновски:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе на Собранието, почитуван министер за образование, почитувани пратеници.

На денешната седница на Собранието, по усвојувањето на Предлогот за донесување на законот за изменување на Законот за средно

образование, како што знаете, водиме амандманска расправа за Предлогот за изменување и дополнување на Законот за основно образование.

За разлика од претходниот предлог чија суштина се исцрпуваше по намерата на Владата за издигнување на средното образование на ниво на задолжително, суштината на измените на Законот за основното образование е во насока на воведување на веронауката, историјата на верите и етиката како задолжителни изборни предмети во основното образование. Во конкретна смисла, како што можеме да видиме од текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Законот за основното образование, намерата е во учебната 2007/2008 година да се воведе одредена форма на верско односно на етичко или морално образование. Имено, според текстот на Предлогот и според образложението на учениците од основните училишта во петто одделение ќе им се воведе нов задолжителен изборен предмет. Ваквата формулација подразбира дека учениците ќе треба во споменатото одделение да се определат за еден од два понудени предмети веронаука односно запознавање со религиите. Во шесто одделение се воведува нов предмет во наставата етика, која исто така има свој изборен односно своја алтернатива.

Како што може да се забележи од последните јавни настапи на претставници на политичките партии, како и на делови од научната и стручната јавност, предмет на посериозна расправа односно спорење е намерата за воведување на веронауката во наставно-образовниот систем во нашата држава.

Според моите согледувања формулата задолжителен изборен предмет во најјасна можна мера ја отсликува реалноста во Република Македонија. Имено, со оваа формулација се задоволуваат правата на децата во чии семејства е востановена верската пракса истовремено не им се наложува на останатите деца во чии семејства доминира атеистичката концепција на светот да учат нешто што не сакаат да го учат.

Во крајна линија тоа значи задоволување на потребите од страна на државата на една група свои граѓани без притоа да се загрозат односно да се повредат суверените права на останатата мнозинска група македонски граѓани кои немаат потреба од продлабочување на своите верски знаења.

Сепак, независно од споменатата политичка и демократска непристрасност на предлогот кој го имаме пред нас зачудува упорноста која можеме да ја забележиме со овој амандман, со која се негира правото на верско образование или образование за верата.

Свесен за претходното во продолжение ќе изнесам три појдовни аргументи кои верувам дека ќе ја поткрепат важноста и неопходноста од прифаќање на измените на Законот за основното образование вклучително и во делот за воведувањето на веронауката.

Имено, во предлогот кога се одвиваше дебатата за воведувањето на верското образование на нас пратениците, значи на сите 120 од страна на Граѓанскиот сектор ни беа доставени повеќе текстови, истражувања на јавното мислење и компаративни анализи кои треба да фрлат дополнително светло на посочената за и против дебата.

Во таа смисла според споменатите текстови и истражувања, но пред се според реалноста забележителни се три факти.

Прво, во нашата држава повеќе од 80% од граѓаните себеси си се сметаат за верници,

Второ, околу 60% имаат потреба од верско образование во училиштата и

Трето, нашата држава, како што беше истакнато е во групата на само 4 држави во Европа кои во сопствениот образовен систем нема воведено никаква форма на верско образование.

Почитувани,

Какви заклучоци можеме да изведеме од посочените податоци.

Имено, повеќе од 8/10 од граѓаните во Република Македонија се верници, повеќе од 3/5 имаат потреба од веронаука, а Република Македонија е во групата на оние 3% држави од вкупниот број држави на европскиот континент во кои верското образование е исклучено од јавниот образовен систем.

Во таа смисла извира и неопходноста од донесување на овој закон, односно од отфрлање на амандманот со кој што се предвидува укинување на веронауката.

Ако погледаме на решенијата, дел од овој предлог закон, вклучително сите оние 8/10 верници и 3/5 поддржувачи на веронауката, македонски граѓани, според истражувањата на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања може да се изведе заклучокот дека понудените решенија во овој закон, според мене, претставуваат неопходен минимум, но не и објективна потреба во согласност со процентите.

Имено, според предлогот доколку 5 и 6 одделение ги анализираме како единствена целина во чии рамки треба да се воведе одредена форма на етичко односно морално образование и ако ги споредиме со понудените предмети веронаука, запознавање со верите и етика ќе дојдеме до заклучокот дека само 33% од морално верското образование во овие одделенија отпаѓа на науката наспроти фактот што повеќе од 80% од граѓаните изјавиле дека се верници, а околу 60% изјавиле дека се за воведување на веронауката во образовниот систем.

Во конкретна смисла, изнесените аргументи значат дека 1/3 од верско моралните содржини во 5 и во 6 одделение отпаѓа на веронауката, а

верници се 8/10 односно 3/5 од граѓаните за воведување на веронауката.

Или обратниот пример. Помалку од 20% граѓани на Република Македонија се атеисти, а според Предлогот од морално верските предмети во 5 и 6 одделение оваа група граѓани добива точно 66% наставни содржини според нивниот верски, политички и општествен сведоглед. Сепак, не зависно од споменатиот диспаритет на реалноста со потребите на граѓанит сметам дека овој предлог е исклучително добар и е неопходениот минимум кој треба да се поддржи од страна на сите нас, бидејќи како што знаеме и најдолгиот пат почнува со првиот чекор.

Во таа смисла, според мене не втемелени се критиките од страна на опозицијата бидејќи независно од реалноста предлог измените во повеќе од 2/3 се однесуваат на противните на веронауката, а само една третина на граѓаните кои ја поддржуваат веронауката.

Оттаму противењето во вакви услови може да се гледа единствено низ призма на загрозувањето односно попречувањето на остварувањето на основните човекови права на граѓаните од страна на малцинството насочени кон мнозинството, меѓу кои како најзначајни се наметнува правото на образоавние и правото на слобода на вероисповедта.

Почитувани,

Предлогот за изменување и дополнување на Законот за основното образование вклучително со одбивањето на амандманот кој што го разгледуваме пред нас во значајна мера ќе предизвика и повеќе позитивни општествени објекти.

Прво, со него ќе се демократизира прифатената официјална вистина. Со него неволуционизмот му го спротивставуваме креативизмот односно на Дарвин му го спротивставуваме Бог. Сепак тоа не значи ниту битка на победници, ни поразени, туку ќе значи и еволуционизам и креатизам и Дарвин и Бог.

Второ, со предлогот ќе се поттикнат и ќе се афирмираат позитивните човечки вредности во услови кога заради транзицијата истите во поголема мера беа девастирани.

Трето, ќе се зајакне државната кохезија и

Четврто, со оглед на поддршката од страна на верските заедници и религиозни групи во нашата држава со законот всушност истиот може да се толкува и како прилог кон натамошна афирмација на меѓуконфесионалната толеранција и меѓусебното почитување помеѓу припадниците на различни вероисповеди.

Почитувани,

Државата претставува олицетворение на потребите на своите граѓани. Демократската држава мора да ги олицетворува потребите на своите граѓани. Република Македонија неспорно е држава, а уште понеспорно таа е демократска држава. Оттаму во контекст на нашиот случај тоа значи почитување на потребите на верниците и нивно вградување во институциите на системот без да се загрозат правата на истите.

Оттаму воден од оваа константа сметам дека амандманот кој што го разгледуваме во моментот не ја заслужува мојата поддршка. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Молам, кој се е пријавен за реплика.

Прва за реплика е пратеник госпоѓа Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Навистина на самиот почеток сакам да му укажам на почитуваниот колега дека особено ги ценам неговите напори секогаш да ги разгледува законите и да дава свое мислење, што сосема е соодветно на пратеничката функција која што ја обавуваме, но во овој случај морам да му кажам, иако ова време е сосема малку, да укажам на некои работи.

Почитуван колега, не значи дека сите што се верници поддржуваат да биде воведена веронаука во училиштето. И да не ги мешаме тие две работи. Значи, може да се биде верник, но не значи дека сите што се верници треба да се за тоа да изучуваат нивните деца веронаука.

Втора работа, исто како што и не значи дека моралните вредности единствено се поврзани со веронауката или религиозноста.

Јас лично познавам многу луѓе кои што можеби и не се големи верници, но сепак се морални личноти и обратно. Познавам луѓе кои што можеби ги почитуваат одредени скали на религиозност, како што се празниците и одредени обреди, но притоа не можам да кажам дека влегуваат во моралните личности.

Значи, да не ги мешаме тие две работи дека етичноста исклучиво е врзана со религиозноста.

Втора работа, говорите дека со воведувањето на веронауката ќе можеме повеќе да се разбираме, меѓусебна толеранција. Па, каква меѓусебна толеранција кога секој токму со веронауката, веронауката е таа што ја изучува една само вера, не ги учи различностите на другиот, не му дава можност да научи нешто повеќе за другите и како ние ќе ја градиме толеранцијата. Напротив, така само се дезинтегрираме, а да не зборувам што значи фаворизирање на една одредена религија или вера која што може да доведе и до етноцентризам, затоа ќе говорам покасно.

Сосема на крај, не знам навистина како може на Дарвин да му го спротивставите Бог, или пак на Бог да му го спротивставите Дарвин. Апсолутно мене навистина не ми е јасно. Можеби вие имате објаснување, кажете ми го тоа, апсолутно тоа се два различни концепти за кои што можеме да дебатираме.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Александар Спасеновски.

**Александар Спасеновски:** Ќе почнам од последното не заобиколувајќи ги останатите констатации и забелешки на почитуваната колешка во делот на спомнувањето на симболиката со Бог и со Дарвин.

Поентата почитувана колешке не е да ги споредиме во квантитативна смисла на зборот и Бог и Дарвин, бидејќи Дарвин е неспоредлив со Бог исто како и ние што не сме споредливи со него, поентата е во констатацијата дека со воведувањето на веронауката ќе се демократизира вистината. Односно наспроти официјално прифатениот концепт на еволуционизмот како основа за настанокот на светот му го спротивставуваме креативизмот.

Нашите граѓани, децата имаат право на избор, имаат право да ги знаат двете теории за настанокот на светот. Тоа е суштината.

Во однос на останатите констатации дека сите верници не се за воведување на веронаука, јас истото го истакнав, 80% се верници но само 60-тина, значи многу повеќе од 50% се за воведување на веронауката и тоа треба да го почитуваме. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам.

Сосема накратко, како конкретна реплика. Правата работа е дека 98% во оваа држава сакаат Македонија да влезе во Европската унија, 90% сакаат да влезе во НАТО. 100% не сакаат да има криминал и корупција, па не гледам дека ставивте задолжителни изборни предмети од типот наука за Европската унија, наука за НАТО, наука за борба против криминалот и корупциата.

Тезата која што ја кажувате е апсолутно смешна, да не кажам и глупава.

Втората работа, која што сакам да ја истакнам е дека не можам да ја разберам потребата да се објаснува дека со воведување на ваква веронаука ќе може да се бориме за подобрување на моралот и етиката во Република Македонија. Или дека тоа ќе биде исклучивата борба. Со ова констатираме дека државата во овој момент не е успешна во борбата за воспосавување на моралните и етичките вредности во популацијата на Република Македонија. Да ве потсетам дека своевремено во периодот од 1998, до 2002 година целото раководство на ВМРО-ДПМНЕ, почнувајќи од Љубчо Горгиевски во таа ситуација и Никола Груевски, шеташе низ цела држава, отворајќи цркви и правејќи религиозни обреди преку една фондација, па тоа не ги правеше морални и гледаме дел од тие луѓе како завршуваат со одредени судски процеси.

Значи, моралот не се брани исклучиво само на овој начин, или пак најмалку со праќање на писма од страна на претседателот на Владата по основните училишта.

Третата работа е дека апсолутно е непоимливо да се говори за терминот веронаука. Верата претставува догма, науката претставува збир на методологија на одрдени правила, кои што се аплицираат за сите состојби во овој свет.

Према тоа, каква демократизација, навистина, може да се говори, кога верата самата по себе е догма. Таа ве учи на една вистина и ги исклучува сите останати вистини.

И на крајот, јас сум еден од тие верници кои што веруваат во Бога, кој што ги кажавте, јас сум против воведување на веронаука во основните училишта.

Према тоа, тезата која што ја кажувате на крајот не држи.

И последно, ако некој кажува дека ќе се обиде да се спротивствува Бог на Дарвин, или Дарвин на Бог, говори дека имаме луѓе во оваа држава кои што земаат во себе она што се нарекува, често пати во стручната литература, а тоа е комплекс на Бог. Дека тие ќе се обидуваат врз база на одредени потези да спроведуваат постапки кои што се граничат со оние кои што во Библијата и останатите верски религии, го правел Господ. Апсолутно, не држи вода, не држи место и апсолутно треба да го прифатите овој амандман. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Процедурално три минути пратеник госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине потретседателе, имам забелешка до вас, вие не го опоменавте почитуваниот колега, кој што говореше предмалку, кога го навреди својот претходен соговорник.

Јас ве молам, не е во ред вака да се однесуваме меѓу себе. Знаете дека секогаш реаѓирам на вакво однесување, било кон кого да се однесува. Значи, може да не се разликува, може да не се согласуваме во ставови, меѓутоа, да се почитуваме како луѓе и како соговорници може да дебатираме. Можеби сум поблиска до некои ставови со господинот Игор Ивановски, меѓутоа, во случајов, тој нема апсолутно, никакво право да го понижува оној со кој не се согласува. И ве молам, господине потпретседателе, да реагирате во вакви случаи.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути процедурално пратеник господин Ивановски Иван, повелете.

**Игор Ивановски:** Нема да навлезам во никаква реплика на колешката Лилјана Поповска, која што очигледно е дежурен потсетувач на некакви морални вредности во Собранието.

Мислам дека тоа не го прави добро и јас ќе бидам подржувач на таквата ситуација. За да реагира сега процедурално, требаше вчера не процедурално да реагира, туку, процедурално да бара прекинување на седницата. Бидејќи тоа не го побара вчера, апсолутно нема морален кредибилитет тоа да го бара и во овој момент.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник Александар Спасеноски, повелете.

**Александар Спасеноски:** Како што ќе се обидам да го избегнам клишето, ќе констатирам само дека говорите на почитуваниот колега, колку и да се прилично чести и прилично нападни и прилично полни со вербална гестикулација, содржат се, само не факти, содржат се, само не констатации и содржат се, само не демократски начин на комуницирање со јавноста, со сопствените колеги и со разменување на мислења со различни поединци, не зависно дали станува збор во Собранието, или на некое друго место.

Но, она што го констатиравте господине Ивановски, треба да знаете две работи: истите овие аргументи кои што ги користите за да се спротивставите за воведувањето на веронауката во Република Македонија треба да им ги кажете на вашите колеги од соодветните политички групации во Европскиот парламент кон кој припаѓате, кои што доаѓаат од Германија, од Италија, од Шветска, од Обидинетото кралство, од Шпанија, од Порутгалија, од Словенија и од други европски држави. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеник господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Дискутирав за тоа, не во тие европски земји, туку во сите нема шанса министер за внатрешни работи да се вози во украден џип и не ја земајте за пример Европа, бидејќи немате врска со Европа.

Зборувам во подршка на амандманот. Ќе гласам за и со факти онака како што се бара, а не со прерипување на податоците кои што не ни одговараат.

Значи, претходниот пратеник зборуваше за некои од процентите и податоците од овој истражувачки проект направен во февруари и март 2007 година, но ги прочита оние кои му одговараат, или не ги прочита сите, така што му паѓаат во вода неговите аргументи. И среќа што Галилео Галилеј и Џордано Бруно се побуниле против црквата, инаку кој знае во кој правец ќе одела науката, т.е. ќе се развивала, ако останала во рамки на тоа учење. Среќа се појавиле научниците кои се префрлиле на природата и во тој момент кога се јавуваат Галилео Галилеј и други, тогаш настанува напредокот на Европа, кога се ориентира кон природните науки.

За жал, дебатата за или против, или повикувањето на Европа е толку депласирано, затоа што работите во Европа одат во сосема поинаков правец. Сите препораки во Советот на Европа одат кон правец на неконфесионален пристап кон учењето, дали предметот ќе се вика веронаука или не, тоа уште не го дознавме. И ние зборуваме цело време за тоа дека делењето по различни основи е лошо. Не изучувањето на различни религии е лошо и означува немање концепт во овој момент. Затоа, ако ги погледмеме генералните заклучоци од анкетата ќе погледнеме дека во ургентни приоритети верското образование има многу низок процент на подршка. Само 4%. Други проблеми ги мачат и децата и родителите во процесот на образование. Квалитетното образование е доминантно. На крај памет не им паѓа за тоа да зборуваат во приоритетите кога треба да ги бираат. Или само 7% од анкетираните го наведуваат верското образование во наставните коликулуми. Недостигот на верското образование е почесто спомнуван од анкетираните Албанци со 18%, населението со муслиманска вероисповед 14%, селското население со 11% итн. Или групите на население што поизразено преферираат да се воведе верското образование се анкетираните Албанци 74% лицата со муслиманска вероисповед 73%, селското население со 69%.

Една третина од граѓаните смета дека при изучувањето на верските обреди треба да бидат опфатени сите означени светски вери.

Затоа, повеќе преферираат, 58%, наставата да ја подготвува Министерството за образование и наука, а не да биде тоа плод, или како тоа ќе се контролира. Имам многу аргументи, 80% - тоа не го причитавте добро - се согласуваат дека во Македонија постојат верските слободи, но повторно тоа не повлекува дали се за или против учењето на Веронаука. Реков во теков на последните две децении сменета е и целта на големиот број конфесионални приоди во Веронауката во училиштата. Повеќе не е главната цел да се произведе религиозна посветеност кон една конкретна вера, туку да им се овозможи на учениците да се справат со различните религиозни традиции и етнички конфликти, егзистенцијални кризни ситуации и верскиот плурализам. Затоа, по истражувањата кои за жал не ги прочитавте до крај, во анкетата се вели дека Владата е најзаинтересирана за воведување на Веронауката, а Македонската православна црква е под процентот на заинтересираност за воведување на Веронауката. Клучното прашање кое треба да се разработи овде во однос на верската настава е дали кај нас треба да биде образование за верата или како предмет верска настава. Во тој контекст и дилемата дали сакаме децата да учат за религиите или пак да стануваата верници. Во сите европски модели или инволвираност на верата во коруклумите, доминантната идеја е ужениците да стекнат повеќе знаење и вештини за верскиот идентитет, почитувањето на верските разлики, традиции и поголема толеранција за мултикултурното и мултиконфесионалното општество. Нам ни требаат ученици кои критички ќе размислуваат и ќе имаат слобода на мислењето, а не ни требаат поданици кон една единствена вистина. Во сите препораки, како што веќе реков, и во Советот на Европа има залагање за настава на религиите како форма на неконфесионален приод. Повеќето земји што ги цитирате имаат изборна регулатива како изборен предмет со неконфесионален приод. Затоа ние ги бараме темите што ќе се изучуваат,

затоа бараме да дебатираме за тоа. Но кога з борувате за Италија, уште еднаш ќе повторам, како изборен предмет во исто време се нуди и фудбалот и информатиката, а не да се нуди Веронаука од една религија Веронаука од друга религија и Веронаука од трета религија, како што е во досегашните понуди, од три понудени две треба да избереме. Тоа сепак не е избор.

Затоа се препорачува и затоа беше Одлуката на Уставниот суд, а исто така, така е согласно Уставот, одвоеноста на државата од црквата или во концептот на секуларноста. Училиштето може да ги изложи студентите на сите религиозни гледишта, но не смее да наметне какво било конкретно гледиште. Значи функцијата на училиштето е да образува за сите религии, а не да ги преобразува учениците кон некоја религија. Приодот на училиштата кон религиите треба да биде академски, а не приод кој подразбира посветеност. Училиштето треба да го изучува она во што сите луѓе веруваат, но не треба да го учи ученикот во што треба тој да верува. Училиштето треба да се стреми кон развивање на свест кај ученикот за сите религии, но не треба да врши притисок за ученикот да прифати некоја религија. Училиштето треба да се труди, да го информира ученикот за различните верувања, но не и да се придржува до некое верување.

Затоа, ова е толку сложена материја, ова не е едноставна материја, затоа зачудува леснотијата на предлогот кој оди во итна постапка, со амандмани што се менуваат секој час, секој ден доаѓа нов амандман од страна на Владата без да се погледнат фактите, без да се направи по сите препораки и по сите истражувања правен основ за ова, измени во Уставот, да се овозможи на увид што ќе бидат тие наставни програми, која е идејата на Министерството за образование и наука, кој ќе го спроведува целиот овој концепт и да се даде право на избор, ама не ограничен избор, два од три, бидејќи другите религии се на различни религиозни групи, туку нека се направи понуда во која ќе може да се избере, како што вели колегата, и Дарвин или да се изучува што го кажува Бог. Мислам дека ова е преголема, пребрза авантура во целиот овој налет на измени што се прават во процесот на образованието, премногу полиња се отвораат, премногу стандарди се поставуваат кои знаеме дека тешко ќе можат да се реализираат и мислам дека овој амандман е во таа функција да се даде шанса на законот да биде она што е едната од заложбите, тоа е деветтолетката, а по една темелна јавна расправа и две фази да видиме дали јавноста така лесно го прифаќа или не воведувањето на Веронаука.

Затоа, јас ќе го поддржам овој амандман од колешката Славица Грковска. Доста примери слушнавме денес, кои можат да ги замислат пратениците од парламентарното мнозинство да гласаат за амандманот.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Реплика од три минути за пратеникот Виолета Ташева, повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Мојата реплика се однесува во однос на изнесувањата на колегата дали треба предмет Веронаука во училиштата или не. Јас повторно се навратувам на Студијата изработена во Љубљана од Зденко Кодеј и Терис Батлер, во која стои, цитирам: “Основна разлика меѓу европските земји во однос на Веронауката не е разликата дали има Веронаука во јавните училишта или воопшто да нема Веронаука. Напротив, разликата се јавува меѓу државите кои имаат Веронаука како конкретен предмет или немаат. Државите во Европа каде што нема Веронаука во форма на конкретен предмет во јавните училишта се Франција, Црна Гора, Македонија и Албанија. Во сите други има Веронаука како конкретен училишен предмет. Не станува збор за приодот на Веронауката, дали е конфесионална или неконфесионална. Во последните две децении, конфесионалниот приод многу блиску се приближува кон неконфесионалниот приод, со тоа што и едниот и другиот како цели, меѓу другото, вели дека овозможува на учениците да се справат со различните религиозни традиции, етнички конфликти, егзистенцијални кризи, кризни ситуации и верскиот плурализам, односно за неконфесионалниот приод во ваквото образование за религииите постои намера младите луѓе да ги научат верувањата во различните вери со цел да развијат социјална толеранција кон која се стремат демократите” и би се навратила повторно на амандманите од Владата кои ги добивме, во кои јасно стои намерата дека во основното училиште се организира и верско образование, но во основното училиште се забранува политичко и верско организирање и дејствување, како и истакнување на партиски и верски обележја. Значи плашењето дека со младата популација ќе се манипулира и ќе образува само за една религија, само за да се добие некој негативен образовен тренд, јас мислам дека нема дилеми во амандманите и во Предлог законот од Владата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Можеби на пратениците од позицијата им се познати наставните содржини, но на нас не ни се познати. Во истата таа книга што колешката ја цитираше пишува: во филозофијата “Затворено општество” ниту еден индивидуален или систем на верување нема монопол врз вистината. Оттука, сите видови Веронаука во училиштата кои вклучуваат индоктринација или поинакво предавање за систем на верување како апсолутна вистина се спротивни на создавањето или функционирањето на отвореното општество.

За жал, кога Веронауката ја третираме како што нејзиниот партиски колега Спасеновски зборуваше, на Дарвин кога се спротивставува Богот, тогаш една е вистината. За тоа не се залага и ова се препораките од Советот на Европа. Очигледно читаме само една реченица што ни одговара, за жал.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи е време за пауза, би замолил ако сакате да ги ислушаме уште двајцата колеги што се пријавија за збор во врска со амандманот, а за толку време ќе биде продолжена и паузата.

Јас замолив ако има овде разбирање тоа да го направиме. Кој мисли да излезе надвор, нека излезе, да ги сослушаме двајцата колеги и за толку да ја продолжиме паузата. Дали има разбирање за тоа, бидејќи бев замолен и од колегата? Не).

Во тој случај, овде ќе објавам пауза за ручек.

(Паузата започна во 14,02 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,14 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги завземат своите места, продолжуваме со седницата.

Има збор пратеникот госпоѓа Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитуван министре за образование во Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници,

И во самиот претрес по Предлогот на законот за основно образование дискутирав и го искажав својот став и своето мислење во однос на тоа каков став ќе заземам со воведување на новиот изборен предмет веронаука.

Ќе бидам поконкретна овде и исклучиво ќе зборувам врз основа на амандманот поднесен од пратеничката Грковска Славица, а верувам ваков ист амандман е поднесен и од госпоѓа Роза Топузова-Каревска, така што можат да се поврзат.

Ги поддржувам амандманите поднесени од двете колешки пратенички по член 1 и 2 во Законот за основно образование, " Во училиштето се организира и верско образование како изборен предмет". Во основното училиште " се забранува политичко организирање и дејствување и истакнување на партиски обележја".

Оваа моја дискусија ќе ја посветам, односно во неа ќе зборувам за веронауката, како изборен предмет што е предложен со Предлогот на законот за основно образование и тоа веронаука во класичен пример на зборот, со нтеолози предавачи и без верска облека и верски обележја.

Сум против воведување на веронаука, но не сум атеист. Сметам дека овој предмет, веронаука, ќе внесе голема двоумица помеѓу децата во основното образование. Ова го говорам со факти кои говорат против веронауката во основното образование. Дури денеска видовме, најискрена да бидам, дека сме сведоци на кршење на норми од ваша страна, морални, правни и со самата иницијатива од ваша страна за воведување на веронаука во основните училишта, а не историја на религиите, што може да се изучува преку најразлични предмети: социологија, филозофија, психологија итн, само се потврдува фактот дека воопшто немате скрупули и најдрско ги кршите општествените и прифатените норми во ова општество.

Член од Уставот ја определува Република Македонија како секуларно државен, што значи дека постои одвоеност на црквата и државата. Односно, не мешање на црквата во државни институции, а образованието е еден од основните столбови на државата. Со самото тоа правите директен упад и на многу безобразен начин го кршите Уставот.

Од друга страна, со ваквиот предлог постои опасност, бидејќи се работи за млада популација, се работи за ученици од 5-то одделение кои за прв пат се соочуваат со нов термин веронаука, постои опасност, грубо речено, да осакатеми цели генерации на млади луѓе. А, како поткрепа на ова тврдење од моја страна, ќе ви спомнам неколку факти.

Јас и оној пат во мојата дискусија, кога дискутирав по Предлогот на законот за основно образование реков дека според мене најбитен предмет е биологија. Зошто? Во рамките на овој предмет ние, односно учениците го изучуваат потеклото и настанокот на човекот. Односно, им даваме познавање од Дарвиновата теорија. Верувам дека секој ученик ја знае, ја почитува и секој знае што рекол Дарвин за настанокот на човекот и тоа го учат и тоа е внесено во Програмата што е понудена од Бирото на учениците кои ја посетуваат наставата во основните училишта.

Замислете почитувани колеги што ќе се случи кај оваа млада личност, каква конфузија ќе настане кај ученик од 5-то одделение кога од една страна, на тоа младо дете, од 5-то одделение ќе му биде објаснето дека потеклото на човекот, а од друга страна пак на часовите по веронаука ќе слушаат ставови дека човекот настанал од кал и Бог дека го создал човекот, ќе ја ставиме ние младата личност, ќе ги ставиме учениците од 5-то одделение пред дилемата и ќе се наметне избор што е правилно, на кого да веруваат? Дали на својот родител, дали Дарвиновата теорија учена по биологија, дали на она што верски луѓе, теолози, ги учат она што е предмет на изучување во специјални училишта кои се наменети, институција каде треба да се изучува теологијата.

Едноставно ќе ги доведат во состојба на една збрканост, на една конфузија и не можат и сами да се одлучат и да се определат. А, крајниот резултат, верувајте почитувани пратеници сите сме родители, краен резултат на сето тоа ќе биде или отфрлање на двете теории или прифаќање на двете, без можност да стекнеме знаење на она што е правилно и што е вистинито. Тоа е

реалноста. Сакале- не сакале, треба да признаеме.

Друг непобитен факт е наметнување на веронаука на младите, односно што со оние деца кои се атеисти, како што се нареков и јас, и јас сум атеист, но ја прифаќам религијата, а тие не ја прифаќаат религијата. Има и такви семејства. Тие потекнуваат од такви семејства. Така се воспитани.

Трет, но не помалку значаен факт е што навистина ќе настане голема подвоеност, ќе настане сегрегација и уште поголем раздор помеѓу припадниците на различните верски исповести. Односно, секој ќе верува во вистинотоста на сопствената религија, во нејзините толкувања и тоа ќе придонесе за формирање на еднообразен и едностран поглед на светот.

Друг значаен факт е што припадниците на една вероисповест ќе учат дека нивната религија е исправа и тоа ќе придонесе до развој на егоцентризмот и етноцентризмот, чиј највисок степен е национализмот. Никој од нас, почитувани пратеници не сака да создава и поттикнува развој на негативни морални особини кај младите. А, со ваквиот предлог, се плашам дека до тоа и ќе дојде.

Јас пак ќе речам, можеби е подобро едно одредено компромисно решение, наместо веронаука историја на религиите, каде ученикот сестрано ќе биде запознаен, односно изучување и воведување социологија на религијата, филозофија подразбирам под историја на религиите, што ќе биде сконцентриран и кон укажување и потенцирање на моралниот кодекс на универзалните религиски системи и интегрирано изучување на соодветните религии. Но, тоа да го вршат лица кои се занимаваат со таа проблематика. Сепак, сметам луѓе од образованието кои навистина можат да одговорат на оваа задача што ќе им биде дадена, односно што досега ја вршат. Само во тој случај ќе имаме успех и ќе градиме здрави потомства.

А нам, почитувани колеги, ни требаат само здрави потомства. На тоа треба да се радуваме кога ќе ги учиме на еден вистински живот, кога ќе ги учиме кон еден правилен поглед кон светот, кога вистината ќе им ја кажуваме. Само тогаш треба да очекуваме дека како плод и резултат на сето тоа ќе имаме здрави потомства.

Овде во искажувањата на претходни дискутанти се спомна дека со воведување на веронаука ќе се случи ерозија на моралот.

Колеги пратеници,

Не верувам дека воведувањето на веронауката ќе го запре овој процес. Веронауката, во никој случај не може да ја спречи ерозијата на моралот. Многу фактори тука се потребни за да навистина се спречи ерозијата на моралот.

Јас, во потполност ги прифаќам поднесените амандмани на колешката пратеничка Грковска Славица, реков и на госпоѓа Роза Топузова-Каревска, затоа што навистина, со нивните поднесени амандмани и изучување на предметите или религијата преку изучување на предметот социологија, историја, филозофија, дава можност на учениците да се запознаат со сите морални вредности и норми, почитување на човековите права, толеранција и правичност и одговорност во животот.

Затоа, исцело ги прифаќам нивните амандмани, а верувам дека и мнозинството ќе се согласи, затоа што се работи за здрава популација, млади личности, ќе се приклучат кон овие амандмани. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Цветковска.

Има збор госпоѓа Филипова Верица, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани присутни, мислев дека денешново подоцна почнување на попладневната сесија на парламентарното заседание ќе биде во насока на одлагање на гласањето на овој закон. Најискрено верував дека, не само после дискусиите што се водеа деновиве, туку и после одекот во целата македонска јавност, владеачкото мнозинство ќе собере храброст да ја запре постапката со донесувањето на овој закон. Меѓутоа, како што гледам, напразно поверував дека постои некој нормален и логичен тек на настаните.

Што дискутираме денес? Денес дискутираме по амандманите, односно по првиот амандман од предложениот закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование, со Предлог на закон, односно донесување по итна постапка на еден закон кој ниту е во делот на законите што ќе го поспеши, односно ќе ја забрза евроинтеграцијата на Република Македонија, ниту е некој многу бите закон за образованието во Република Македонија, дури и контраверзен, а уште повеќе добивме, по завршувањето на општата расправа, добивме нови амандмани, односно на закон од 6 членови од Владата добивме 19 амандмани. Каков парадокс. Меѓутоа не по прв пат а сигурно и не по последен пат ќе биде вакво нешто.

Присутни колеги пратеници,

Мислам дека сте сите свесни во каква состојба се наоѓа Македонија. Сите сме свесни дека живееме во сиромашна држава, дека нашиот народ е многу, многу сиромашен, дека луѓето им треба леб, на луѓето им треба вработување, на луѓето им требаат пари. На луѓето не им треба религија, на луѓето им е доволно уствано гарантираната слобода за религиски права.

Меѓутоа, мислам и убедена сум дека после моето големо досегашно искуство и посебно последните 17 години следење на процесите во државата дека односот меѓу градењето верски храмови и популистичките методи за ширење на верите, односно на религиите и сиромаштијата во Република Македонија се правопропорционално.

Правопропорционални значи дека колку се зголемува бројот на градењето на цркви и џамии, колку се зголемува одењето на народот во црква,

толку повеќе се зголемува неговата сиромаштија. Донесувањето на овој закон значи сигурно поголема сиромаштија кај македонскиот народ кој немајки повеќе во што да верува во ситуација на очај, во ситуација на беда, во ситуација на немоќ, значи, одете и молете се на бога, друго не можеме да ви помогнеме. Уште повеќе знаејќи ја, односно ценејќи ја верата, зборувам лично за мене, ценејќи ги вредностите кои ги прокламираат и Библијата и Коранот и Господ и Бог и сите проповедници, мислам дека мораме да сме свесни за дистинкцијата која се јавува меѓу верските великодостојници и она што верата го проповеда. А сега ќе ги пуштиме децата од петто одделение на десетгодишна возраст во рацете на луѓе кои практично ќе ги учат на нешто што тие деца нема да разбираат. Религијата е голема филозофија, религијата е една од најголемите филозофии, Бибилијата, Коранот кои можат да ги разберат само возрасни луѓе. Воведувајќи ја религијата во основното образование, односно воведувајќи на изборен религиски предмет во петто одделение, притоа изборен, значи ќе бираат од која религија се тој предмет да го учат, значи индоктринација, манипулација уште од мали со широкит енароди маси, а за сметка на тоа нашата десничарска Влада и нејзините челници од ден на ден се повеќе се богатат, додека народот ќе тоне, широките народни маси во немоќ. Познато е дека има многу такви случаи кога религијата се користи само како средство, како орудие за владеење, за манипулација со широките народни маси. Истото тоа следува и кај нас, истото тоа ќе се случи и кај нас.

Во оваа прилика би сакала да потсетам дека иднината на Македонија е Европа, иднината на Македонија се евроинтеграциите, НАТО. Само на тој начин можеме да одиемнапред. Меѓутоа, што се случува кај нас? Од ден на ден со народот завладува се погоелма темнина, мрак, сивило, од ден на ден се оддалечуваме се повеќе од Европа, па дури и еден од црковните великодостојници, односно еден од ...

Се извинувам, потпретседателе можете ли да поставите ред. Ако имаат нешто да дискутираат, нека се јават за збор.

**Бесим Догани:** Гоапоѓо Филипова вие можете слободно да продолжите.

**Верица Филипова:** Впрочем воведувањето на религија во петто одделение значи поголемо осиромашување на државата, односно 200 нови работни места, односно 720 илјади евра повеќе од Буџетот на Република Македонија, 720 илјади евра повеќе од џебот на македонските граѓани. Македонските граѓани и до сега ја имаат слободата кој кога сака да оди во црква,кој како сака да се однесува и да ја толкува религијата. Никој на никого согласно Уставот не му го ускратува тоа право. Меѓутоа, се случуваат чудни работи, се случуваат работи кои не одалечуваат од прогресот и напредокот на Македонија, се случуваат работи кои ја оддалечуваат државата од она за кое народот го даде гласот на изборите на оваа Влада, за сметка на воведување на предметот религија во петто одделение, трошење на пари, а поголема невработеност кај широките народни маси. Меѓутоа, објаснувањето е најлесно кога би се кажало: така било пишано, така требало да биде, ние ништо не можеме. Впрочем и изјавата, цитирам: “ако на Македонија влегувањето во било која организација, Европската унија и зависи пред се од Законот за верски заедници, подобро и да не влезе во Европска унија”. Во тој смисол е дадено велигденското интервју на еден од големците на МПЦ. Амандманот се однесува на бришење на религиското образование од петто одделение.

**Бесим Догани:** Ве молам, вратете се на темата на дискусијата.

**Верица Филипова:** Јас би сакала да цитирам од досега повеќе пати искористената студија Веронауката и школувањето во отворено општество, за состојбата во Пакистан. На страна 19 од оваа Студија се вели дека во 1947 година во Пакистан имаше околу 250 медреси, пред доаѓањето на Зијау Хак и советската инвазија на Авганистан во 1979 година нивниот број беше близу 2500 медреси. Во моментов приближниот број изнесува 10 илјади до 12 илјади. До одредена мера нивниот пораст беше поттикнат од страна на државата за постигнување на сопствени цели. Безнадежната ситуација во училиштата од јавниот сектор ги направи тие да станат практична опција за многумина. Слично се случув аикај нас, односно исто се случува и кај нас. Поттикнувањето од страна на државата за воведување на предметот религија во петто одделение значи безнадежна ситуација на државата по однос на училиштата од јавниот сектор и правење на нешто друго. Убедена сум дека владеачкото мнозинство нема да го прифати овој амандман за кој сакам уште еднаш да кажам дека го подржувам. Меѓутоа, иднината на Република Македонија, иднината на нашите деца и се она што се случува, барем ќе се знае зошто е така и кој е виновен.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Грковска Славица.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе. Јас би сакала уште еднаш само уште неколку поенти, со оглед на тоа што ова е суштински амандман, ова е амандман врз основа на кој пратениците ќе се определат и практички ќе одлучат дали ќе се изучува веронаука во училиштата или не?

Мислам дека долго дебатиравме околу причините, или околу потребата дали треба, или не треба. Меѓутоа чувствував за потреба со оглед на тоа дека сум предлагач на амандманот, уште еднаш да истакнамодредени аргументи зошто сметам дека овој амандман треба да се прифати и надевајки се дека ќе има некаков одзив кај парламентарното мнозинство. Сакам да потсетам прво, дека ние инсистиравме за овој закон да зборуваме после законите за јавно обвинителство и совет на обвинители, заради тоа што сметавме

и сеуште сметаме дека законите кои што се на листата, закони кои што треба да ги усвоиме, а ќе ни овозможат реформи што ќе не приближи до Европската унија, приоритет. И дека овој законодавен дом треба да го има тоа во предвид во секој случај. Вака ние се доведовме до ситуација да дадеме сигнал, за жал од страна на парламентарното мнозинство дека веронауката за нас како држаа е поважна, отколку законите кои што не приближуваат кон Европа. Ова е закон кој што никој нема да ни забележи од страна на Меѓународната заедница дека сте го донеле и со тоа сте направиле некаков исчекор кон почеток на преговорите со Европската унија. Ова е закон кој што нема да ни се забележи дека сме го донеле и на тој начин сме ја поправиле сликата, или дел од негативните оценки кои што во Извештајот сме ги добиле. Меѓутоа, за жал, ова е закон кој што доби приоритет од страна на парламентарното мнозинство.

Сега сме затечени и со еден друг предлог кој што денеска го добивме на нашите клупи тука, дека покрај тоа што ги сменивме празниците во насока на дезидеологизација, покрај тоа што ја рушиме секуларноста на државата, ќе воведеме веронаука, сега ќе вршиме дезидеологизација и ќе воведеме државна награда, измена во Законот за државни награди каде што за 23 октомври државниот празник ќе се даваат и државни награди. Значи, ова само оди во прилог на тезата дека оваа Влада во овој период е фокусирана не само на популистички мерки, туку и на прашања кои што вршат дезидеологизација по аргументите на мнозинствоо. И ова се покажа и денес уште еднаш дека тоа е главниот фокус на Владата. Јас сакам уште еднаш да ја повикам и Владата и парламентарното мнозинство наместо да биде фокусирана на дезидеологизација, да биде фокусирана на европеизација на Република Македонија. Ако се фокусираме на европеизација на Република Македонија, тогаш е многу јасно и тоа што треба да го правиме во образованието, тогаш е јасно дека во образованието треба да бараме интегрирачки, а не дезинтегрирачки фактори. Концепцијата која што ни се предлага за воведување на веронаука не овозможува интегрирање на припадниците на сите етнички заедници во Република Македонија,не овозможува пропагирање на заедништво на заеднички дух и на влијаење меѓу учениците од најмала возраст на таков заеднички дух сите ученици без разлика на тоа која етничка заедница и припаѓаат да чувствуваат дека припаѓаат во заедничка држава во која што се рамноправни. Затоа апелирам уште еднаш, дека особено кога станува збор за образованието треба да тргнеме од прашањето, кои се причините, каква е моменталната ситуација, кои се целите што сакаме да ги постигнеме и што сакаме ние да имаме како импакт од образованието. И во тој случај лесно ќе ги најдеме одговорите на сите прашања кои што во образованието треба да ги довршиме. Образованието е инертен систем. И да воведете радикална реформа, ќе треба прилично долго време да се имплементира и да се почувствува нејзиното влијание. Затоа за вистинските реформи нема губење време, туку треба да се направат веднаш. Меѓутоа ние не правиме вистинска реформа во образованието со воведувањето на веронаука. Јас зборував и кога зборувавме за Законот за задолжително средно образование, дека главната реформа што сега би требало да ја направиме е реформа на наставните планови и програми, за да ги ослободиме од непотребни факти, од дезинфорамции, да ги направиме интересни за децата во школото, да ги привлечеме децата во училиштето. А не вака со ад хок решенија од типот на веронаука за која се покажа и во претходниот период дека не е толку многу атрактивна. Пред некој ден имавме прилика на една од емисиите да слушнеме дека кога за прв пат оваа идеа се имплементираше како експериментална, само 7 ученици во едно основно училиште се пријавиле да слушаат веронаука во трето одделение во Скопје, за разлика, се разбира од православната вероисповест. Меѓутоа, она што исто така оди во прилог на аргументацијата дека ова е дезинтегрирачки фактор и што приоритет им се дава на две религии, на православната и на муслиманската, а во нерамноправна позиција се ставаат останатите религии кои што се внесени во Уставот. И за тоа зборував при општиот претрес на законот.

На крај, главниот аргумент е што вакво законско решение веќе падна на Уставниот суд еднаш со следното образложение, дека тргнувајки од уставната гаранција за слободата на верското уверување, слободата на вероисповеста, како и од принципот за одвоеност на државата од верските заедници и религиозни групи произлегува дека ниту државата, ниту нејзините органи со свои акти и дејствија не можат во рамките на институциите, или надвор од нив на граѓаните на Република Македонија да им наметнуваат верско дејствување во било каков вид и форма. Државата и нејзините органи во своето делување без исклучок мораат да задржат неутралност, а со цел граѓанинот слободно да може да се определи дали ќе прифати, или нема да прифати одредена вера, дали ќе ја исповеда, или нема да ја исповеда, дали ќе учествува, или нема да учествува во верски обреди. Значи, во овој случај Владата на Република Македонија не ја искажува својата неутралност, туку напротив покажува пристрасност која оди во прилог на две религии, за разлика од неколкуте кои што се уставно загарантирани. И со тоа го ускратува правото на останатите припадници на тие религии да имаат право на избор. Мислам дека е тоа недозволиво за Владата на Република Македонија, уште понедозволиво од страна на премиерот кој што во својата изјава за велигденските празници беше фокусиран само на една религиска заедница. Затоа јас ги повикувам моите колеги пратеници од парламентарното мнозинство и покрај тоа што ги разбирам дека им

е тешко, добиле директива која што мора да ја почитуваат, да размислат уште еднаш како ќе гласаат за овој амандман, заради тоа што како што реков, ова е суштински амандман и ова практички ќе значи одлука дали ќе има веронаука во основното училиште, или не.

**Бесим Догани:** Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат во салата и да пристапиме кон гласање на амандманот.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на пристуни пратеници во салата.

Во салата се присутни 64 пратеника.

Бидејки во салата има доволен број на присутни пратеници, амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Бидејки во моментот на гласањето во салата имаше 59 пратеници, затоа гласњето не е важечко.

**Бесим Догани:** Уште еднаш ве повикувам да гласаме. Значи го повторуваме гласањето.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеника гласаа вкупно 60 пратеника, за гласаа 7, се воздржале 2, против гласале 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за бришење на став 1 и на став 2, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука.

**Сулејман Рушити:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за образование и наука.

Навистина не знае човек како да се постави и како да ја насочи својата дебата и за што всушност сега дебатираме. За кој амандман, на кој амандман од Владата, или на кој закон од Владата, затоа што навистина, ако заволја на вистината гледаме и размислуваме и се однесуваме рационално, ќе заклучиме дека ние нема што да дебатираме.

Почитувани колеги пратеници, имено, пред нас имавме еден Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование кој што беше и предмет на дискусија како на седниците на комисиите, така и на пленарната седница, за истиот тој Предлог на закон, кој што се состои од шест члена, или како некој пратеник што би го именувал мал или голем закон. Јас нема така да го наречам, затоа што за мене и тој таков закон беше голем, затоа што правеше суштински измени во основното образование со воведувањето на веронаука. Ние поднесовме амандмани почитувани колеги за тој закон. Во меѓувреме Владата покрај 19-те амандмани, со кои што се воведува деветолетка и за која што ние апсолутно немавме ништо против, меѓутоа, сакавме она што е должност на пратениците да можеме да интервенираме со наши амандмани, со една единствена цел да можеби до некаде и влијаеме на одредени законски решенија, за да се подобри текстот.

Почитуван потпретседателе, го почитувам начинот на кој вие ги водите седниците и се надевам дека ќе останете доследни на тоа и овој пат ќе овозможите непречено да се одвива дебатата. Знам дека одредени колеги не ги интересира оваа дебата, меѓутоа говориме за еден закон кој што засега значи една најчувствителна група, тоа се учениците од основно одделение, основно училиште и мислам дека со тоа непосредно директно или индиректно ги засега најголем број од граѓаните на Република Македонија. Затоа би сакала да се сослушаме ако може. Значи, сега имаме една ситуација Владата да ни достави, ги исклучувам оние 19 амандмани, нови амандмани во кои што интервенираше во Предлогот на законот. За волја на вистината, јас инсистирав тоа да го направи Владата за да може да даде можност на учениците да избираат и тоа да избираат што ќе учат понатаму, иако имавме различни гледишта со Владата, за што ќе говорам на последните амандмани кои што ги имам поднесено. Во овој случај сепак барем им се даде можност на ученците да избираат, затоа што онака како што беше законот даден, учениците задолжително требаше да учат верско образование и ништо повеќе, со тоа што ќе избираат што ќе учат, православие, или ислам, или можеби нешто сосема друго.

Со овој амандман, јас интервенирав во две насоки и тоа, првата беше во основното училиште се забрани политичко организирани дејствувања, како и истакнувања на партиски и верски обележја. Тука веќе Владата морам да кажам, на мое задоволство тоа го поправи и сега веќе имаме еден сосема коректен став од членот 1, каде што гледаме дека се забранува политичко и верско организирање и дејствување, како и истакнување на партиски и верски обележја, што е добро. Меѓутоа, и понатаму остана дека во овното училиште се организира верско образование како изборен предмет и во овој момент се даде можност да избираат учениците помеѓу верското образование и запознавањето со религиите.

Почитувани колеги, јас би сакала да им укажам на пратениците зошто меѓу другото повеќе сум учениците да можат да избираат помеѓу основи на религија, запознавање на религијата, историја

на религијата, без разлика како тоа ќе се именува и етиката, затоа што сметам дека воведувањето на веронаука во голема мера ќе го наруши и односот помеѓу државата и одредените верски заедници, што сите ние мора да признаеме дека не оди во насока на градење на добри односи помеѓу самите верски заедници и останатите религиозни групи. Со тоа би се наметнал уште еден вид на нееднаквост и поделеност, што морам да признаеме не е својствен на граѓанското општество. Како што сите ние овде велиме дека се залагаме да градиме и никој нема дилеми околу тоа дека нашето општество веќе е граѓанско и овој пат може да се доведе , не само што да се поделиме по етничка основа, непознавајќи ги особеностите на другите и различностите, а со тоа да можеме и повеќе взаемно да се почитуваме, туку би се поделиле на верници и неверници и како што реков и припадници на различни конфесии.

Дека е така почитувани колеги и овој пат дојде до израз нашито синдром на поделби со самата оваа дебата и самите колеги пратеници почнавме да се делиме на десната и левата страна од која што едните се сметаат самите себеси за верници, а другите се нарекуват неверници, дури, сакаат да ги етикетираат како атеисти, не само атеисти, не е тоа страшно атеисти, туку, како поддржувачи на еден тоталитарен режим и луѓе кои што имаат една ограничене недмократска свест, и уште што е пострашно, луѓе кои што немаат никакви морални принципи.

Почитувани колеги, таквата поделба е многу опасна и мислам дека не ја води кон добро Република Македонија. Точно е дека една од функциите е и етичката функција на религијата. Меѓутоа, почитувани колеги, за да може да се извлече токму таа, етичката функција треба да се има малку и пошироки познавања од религијата. Не само она што го нуди веронауката, и ако сакате веќе да говориме само за христијанството и пошироки познавања за христијанската религија, односно за етиката на раното евангелиско христијанство.

Ако тоа го знаевме, почитувани колеги, ќе ни беше јасно меѓу другото, еве слушам и во законот со реформите во здравството се предвидува и во здравствените установи да се воведат места каде што луѓето ќе се молат, каде што ќе можат пациентите да се молат. Ако ја знаевме етиката на раното евангелиско христијанство, ќе знаевме дека токму таму Исус се спротивставува на формализмот и на сите надворешни безсодржајни религиозности, туку повикува на индивидуална молитва. Значи, не ни се познати некои работи и затоа влечеме онакви или такви заклучоци.

Исто би сакала да кажам почитувани колеги, дека и во тој тоталитарен режим, кој што го нарекувате не е точно, дека низ целиот тој период беше забрането религиозното дејствување, односно почитување на верата. Точно е дека некои луѓе, говорам сега за периодот после 1967 година, кога со одлука на Архиепископскиот црковно народен собир во јуни 1967 година е прокламирана автокефалноста на Охридската архиепископија, изразена во лицето на Македонската православна црква.

Почитувани колеги, тоа се случува во времето на тој режим, за кој што вие велите. Значи, велам Народен црковен собор се одржал, или во октомври 1974 година кога е донесен Уставот, според кој во својата работа и до ден денес се раководи Македонската православна црква.

Почитувани колеги, точно е дека на некои луѓе можеби не им било дозволено да одат во црква, на големите празници како што е Велигден, но знаете на кои колеги? На оние кои што биле високи функционери во тогашниот Сојуз на комунисти, за да ги уживаат привелегиите кои тогаш можеле да ги уживаат, а од друга страна пак, сакале да бидат и големи верници. Тие, пред се, самите немале расчистено со себе и затоа сега говориме различни работи овде и не можеме да се согласиме околу тоа и меѓу себе се делиме и навредуваме.

Јас не велам дека на почетокот после 1945 година со воведувањето на атеизмот, за жал, дури била нанесена и голема штета на културно историските споменици, како што се голем број на значаен дел од фреско живописот од 14 и 16 век, но тоа, почитувани колеги бил еден период кога што одамна веќе било надминато и јас кажав дека од 1967 година имаме поинаква ситуација во Република Македонија и мене навистина, ми е жал, наместо сега да дебатираме што би било најдобро за нашите деца, што може да доведе тие да имаат што е можно повеќе и пошироки сознанија и тие да можат што поподготвени да се вклучат во животот и да израснат во првилно формирани граѓани, притоа, што е можно повеќе да ги интегрираме децата, ние со воведувањето на еден ваков закон, можеби ќе придонесеме за поголема нивна дезинтеграција.

Зошто го говорам тоа? Кога се изучува предметот историја на религијата сите ученици од еден клас, без разлика дали е тоа мултиетничко одделение.

**Бесим Догани:** Госпоѓо Топузова се извинувм, вие имате неколку амандмани. Вториот амандман е за воведување на веронаука.

**Роза Топузова Каревска:** Да, почитуван потпретседателе. Произлегува дека едниот амандман со другиот е поврзан. Еве, ќе ве почитувам како што и вие ме почитувате и ќе завршам со една реченица, дозволете ми.

Значи, добро би било учениците кои што учат во училишта каде што имаме припадници на различни конфесии на часовите да останат заедно и заедно да го слушаат предметот основи на религијата, запознавајќи ги сите морални вредности кои што ги нудат сите религии, вклучувајќи го и христијанството, вклучувајќи го и исламот. Не е добро едените да одат и да ги слушаат предавањата на православните теолози, а другите на теолозите од исламската вероисповед. Тоа го говорам почитувани колеги.

Затоа што, ако ги читаме светите книги, дали се работи за Библијата, дали се работи за Куранот и да не набројувам повеќе, ќе видиме дека моралната димензија е кај сите иста, дека моралната поука не се разликува многу и дека е добро да ги познаваме апсолутно сите религии односно, да го извлечеме она што не учи да се изградиме како позитивни личности, кои што меѓусебно ќе се почитуваме и ќе живееме во едно граѓанско општество. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и за излагањето и за разбирањето госпоѓо Топузова.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе. Сакам само еден мал коментар. Согласно Уставот, ние сме секуларна држава, односно верските заедници се одвоени од државата и согласно тоа за мене е јасно дека во државните училишта не може да има предмет веронаука. Меѓутоа, Уставот не забранува верско образование, кое што ќе биде организирано или кое што е организирано од верските заедници или религиозни групи. Но во Законот за верски заедници и религиозни групи стои дека таква настава можат да посетуваат само оние кои што веќе имаат завршено основно образование.

Значи, самите верски заедници и религиозни групи, а воедно и државата сметала дека такво образование може да се дозволи само за оние граѓани кои што веќе имаат завршено основно образование.

Значи од една страна правото кое со Устав го имаат верските заедници и религиозни групи преку Законот за нив го ограничуваат на граѓани кои веќе имаат основно образование, а ние со овој закон, до колку не се прифати и овој амандман кој што е речи си ист со претходниот, ќе се доведеме во ситуација државата да го направи она за кое што самите верски заедници сметаат дека не треба да се направи, односно да има верско образование за децата кои одат во основно образование. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓице Грковска.

Бидејќи нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да ги заземат своите места, а истовремено би ги замолил и службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Во салата нема кворум за гласање).

Ги замолувам пратениците да влезат во салата за да можеме да пристапиме кон гласање по амандманот.

(Присутните пратеници чекаат да се создаде кворум од 16,15 до 16,27 часот).

Почитувани колеги, давам пауза од 15 минути да се соберат пратениците.

(Пауза од 16,28 до 17,01 часот).

Почитувани дами и господа пратеници, претресот по амандманот е затворен.

Тука ја прекинувам денешната седница.

За понеделник ја најавувам 39-та седница на Собранието на Република Македонија со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 17,02 часот)